**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ- СКОПЈЕ**

**Катарина Цветановска Станојоска**

# ТЕМА: Разузнавачки методи и средства за идентификување на трговија со луѓе

**(Специјалистички труд)**

Скопје 2024

**Тема**: РАЗУЗНАВАЧКИ МЕТОДИ И СРЕДСТВА ЗА ИДЕНТИФКУВАЊЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Клучни зборови**: разузнавање, трговија со луѓе, жртви, експлоатација, истрага.

**Ментор**: Проф. д-р Злате Димовски

**Членови на комисија**:

Проф. д-р Марина Малиш Саздовска,

Проф. д-р Никола Дујовски,

Датум на одбраната :

**Се стекнува стручно звање: Специјалист по Безбедност**

**Изјава за оргиналност**

**ИЗЈАВА**

**Јас Катарина Цветановска Станојоска изјавувам дека при изработка на специјалистичкиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови оддруги трудови или други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.**

**Изјавата ја давам под полна матријална иа кривична одговорност.**

**Изјавил :**

**05.11.2024** **Катарина Цветановска Станојоска**

**СОДРЖИНА**


1. ВОВЕД ........................................................................................................8

2. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..................................................................................14

2.1 Трговијата со луѓе и организираниот криминал.........................................................20

2.2 Елементи и компоненти на предметот на трговија со луѓе........................................23

2.3 Протокол на ОН за трговијата со луѓе...........................................................................29

3. ПРОЦЕС НА РАЗУЗНАВАЊЕ..........................................................................................31

4. РАЗУЗНАВАЧКА АКТИВНОСТ .......................................................................................33

4.1.Реактивна истрага ............................................................................................................36

4.2.Проактивна истрага ..........................................................................................................40

4.3.Паралелна финансиска истрага ......................................................................................43

4.4.Утврдување на финансиски промет на криминална дејност ....................................44

5. ИЗВОРИ НА ДОКАЗИ ........................................................................................................45

6. ПРОЦЕС НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ ..................................................................................47

6.1.Причини ..............................................................................................................................48

6.2.Фактори на принуда ..........................................................................................................50

6.3.Фактори на привлекување ................................................................................................51

6.4.. Методи на трговијата .......................................................................................................53

7. Поединците и криминалните групи вклучени во трговијата со луѓе...................... .......56

7.1 Поединците вклучени во ланецот на трговија со луѓе...................................................58

7.2 Организација на криминалните групи..............................................................................59

7.3 Поврзаност на трговијата со луѓе и другите облици на организиран криминал.......................................................................................................................................60

7.4 Врската помеѓу трговијата со луѓе и легалните актери.............................................63

8. НАЧИНИ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ОЦЕНА НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ДЕЛУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ........................................................................66
8.1 Механизми на делување на државните органи..........................................................69
8.1.1 Делување на полицијата во откривањето и собирањето докази за трговија со луѓе.........................................................................................................................69
8.1.2 Механизми на делување на другите државни органи – обвинителството и судството....................................................................................................................69
8.1.3 Однос на државните органи кон проституцијата, просјачењето и работата „на црно“.........................................................................................................................70
9. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И МЕРКИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ ............................ ...............................................................71
9.1Препознавање...........................................................................................................74
9.1.1 Учество на семинари и други форми на едукација за трговијата со луѓе....................75
9.2 Мерки што треба да се превземат во борбата против трговијата со луѓе..................76
9.2.1 Мерки за јакнење на ефикасноста на кривично – правната репресија на трговијата со луѓе...........................................................................................................................77
9.2.2 Мерки за превенција на трговијата со луѓе............................................................78
10. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК..............................................................................................84
11. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ.......................................................................................88
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## ПОСВЕТА

Овој труд им го посветувам на мојата фамилија, бидејки со нивна помош и подршка успеав да го постигнам овој успех и да продолжам понатаму тогаш кога ми беше најтешко и сакав да се откажам.

## БЛАГОДАРНОСТ

За подршката при изработка на мојот специјалистички труд со наслов **“Разузнавачки методи и средства за ндентификување на трговија со луѓе„** , првично му се заблагодарувам на мојот почитуван ментор проф. Д-р. Злате Димовски за неговите сугестии при изборот на темата, советите и критиките при изработката на трудот, како и проф Д-р Марина Малиш Саздовска за нејзините сугестии и помош и проф Д-р Никола Дујовски за неговите сугестии. Исто така има се забалагодарувам на сите професори на Факултетот за безбедност кои со нивната професионалност, стручност и знаење сите овие години несебично ни го пренесуваат на нас студентите.

# 1. ВОВЕД

Секој граѓанин во нашата држава ужива права и слободи кои се загарантирани со Уставот на РСМ, додека пак обврска на безбедносниот систем и лицата вработени во него е да се грижат за безбедноста, спроведување на законите и заштита на животот, правата и слободите на човекот и граѓанинот.

Заштитата на безбедноста на Република Северна Македонија, односно на нејзините интереси, треба да се отствари со превземање на разузнавачки активности за прибирање и обработка на разузнавачките информации и изработка и доставување на разузнавачки производи за опасностите по безбедноста, различните облици на организиран криминал, одбраната, економските и политичките интереси во државата.

Разузнавањето како процес игра клучна улога во откривачкиот дел на секоја безбедносна закана како и кај секој вид и форма на криминалитет во државата, вклучувајки го и организираниот криминал кој може да се јави кај секој вид на кривично дело поединечно, од кое едно од нив и трговијата со луѓе кое ќе биде предмет на обработка на овој специјалистички труд, односно разузнавањето на методите и средствата за идентификување на трговија со луѓе.

Разузнавањето претставува процес кој се превзема од страна на овластените службени лица, односно процес на прибирање информации, кој го извршуваат на различни начини со цел откривање на криминалните појави во општеството[1]. Со цел да се подобри како превентивната така и репресивната активност на органите за спроведување на законот, тие ги користат информациите, со што на соодветен начин ги преработуваат за да се добие корисна информација која ќе може да биде соодветно искористена. Поедноставно кажано, разузнавањето претставува откривање на се она што е потребно да се знае во врска со криминалот, бидејќи на одлучувачките структури им се потребни информации кои се точни и им го кажуваат она што треба да го знаат. Во однос на трговијата со луѓе, разузнавачките информации претставуваат незаменлив дел, кој има висок процент на придонес при откривање на активностите кои ги превземаат криминалците при трговијата, со што правилно преработените

[1] Види повеќе Милошевиќ М., Систем државне безбедности, Београд, 2001, стр 94

информации се од голема помош на органите за спроведување на законот за ефикасно извршување на нивната работа. Разузнавањето е појдовна точка за решавање на една криминална појава, без него не би можело да се стигне до крајната точка,разоткривање на кривичното дело и гонење на извршителите. Започнувањето на работата на разузнвачките органи секогаш тргнува со информација, без разлика дали таа е точна ке не одведе до сторителот, откривање на делото или пак откривање на некој битен дел или пак е неточна односно шпекулација, бидејки се започнува со информацијата. Начинот на прибирање на информациите е различен и разузнавачките органи користат различни методи и средства на работа во зависност од засегнатиот проблем, околностите и друго. Откако ќе ја имаат информацијата користат различни техники за проверка на таа информација и понатамошно истражување дали ке ги однесе до некој траг на кривичното дело. Ова кривично дело е сложено и може да биде многу распространето во нашата земја но и надвор од границите, што бара висока стручност и знаење од страна на разузнавачките органи. Исто така, од страна на извршителите се користат многу напредни средства и технологии за вршење на ова дело, тие секогаш се чекор пред откривачките органи што бара и разузнавачките органи и средства за откривање што ќе се користат да бидат во тек со извршителите и да се работи за нивно усовршување, се со цел з нивно разоткривање.

Трговија претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба. Сите облици на трговија се регулирани со правни прописи, а нивните повреди (зависно од тежината) повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Додека пак трговијата со луѓе- човечки суштества претставува најтежок облик на трговија која е законски и морално недозволена, со чие извршување следат законски последици за извршителите и заштита на жртвите, каде што освен органите на прогон вклучени се многу други институции за решавање на овој проблем. Под трговија со луѓе во етимолошки поглед се подразбира размена помеѓу купувач и продавач во која продавачот на купувачот со надомест му го предава човекот- или овозможува користење на одредени негови услуги.

Трговијата со луѓе е призната како најлоша форма на ропство на модерното време, и е осудена како акт кој сериозно ги нарушува основните човекови права и слободи кои се загарантирани како такви на секој човек. Причините за опстојувањето и

хранењето на овој проблем се огромните профити кои се остваруваат, со што се создаде глобална мрежа, организирана од транснационални криминални банди кои тргуваат со луѓе на ист начин како со оружје, дрога или пари. Иако голем број од земјите го елиминираа ропството одамна, трговијата на луѓе стана една од активностите на организираните криминални групи кои се докажаа како ефективни во навлегувањето во земјите и регионите кои се посиромашни, кои со искористување на човековата волја за борба за опстанок во општеството, неможејки да најдат легални начини во својата држава, пробуваат преку овие луѓе да стигнат до нешто повеќе за нив и нивното семејство. Меѓутоа токму тие лица се она што им треба на трговците за да започнат со својата работа, на тој начин да профитираат и да го шират нелегалниот бизнис искористувајки ја немоќта и тешките услови за живеење кај овие луѓе. Секогаш мета на извршителите на овој вид на криминал се ранливата категорија на луѓе од кои најчесто се малолетници кои потекнуваат од посиромашни семејства, од семејства на распаднати бракови каде што не им е пружена доволно подршка на децата, кои се препуштени сами на себе  или деца без родители. Поради тие причини тие се доведени во заблуда или заведени од страна на организаторите нудејќи им подобри услови за живеење, работа и пари при што на тој начин ги вклучуваат во нелегалните бизниси како жртви.

За совладување на решавање на овој проблем во една држава треба да се вклучени повеќе органи во кој клучни се полицијата во откривачкиот дел па се до кривично гонење на сторителите, судството во изрекување на казните кои претходно треба да се соодветно инкриминирани  кривичните дела со пропишани казни во добро и квалитетно законодавство. Подоцна бидејки овој проблем создава и многу жртви кои најчесто се жени и деца, потребно е работа со жртвите  а особено со малолетните со посебен стручен психолошки тим, медицински лица.

## 2.ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Оваа појава - трговија со луѓе на просторот на нашата земја во значење и обем кој денес го има, е причина за непостоење не само на систематизирано научно знаење за овој безбедносен проблем, туку и за непрецизност на негов единствен назив. Имено, во научната и стручната литература нема единствен назив за оваа појава. Така, може да се воочи употреба на термините бело робје, трговија со луѓе, трговија со човечки суштества, криумчарење на луѓе, криумчарење на жени и деца и слично. Во медиумите употребата на термините е уште полоша. Оваа состојба резултира со конфузија во терминолошкото обележување на овие безбедносни појави и нивните елементи кои се карактеризираат со обележување на истите појави со различни термини, обележување на различни појави со исти термини, создавање непотребни синоними и хомоними, т.е користење на ненаучен поимовно - категоријален апарат. Затоа е неопходно да се разграничи значењето на термините кои можат да се сретнат во теоријата и праксата, а кои директно или индиректно се однесуваат на трговијата со луѓе. [2]

Етимолошкото значење на синтагмата се одредува со синтеза на посебното значење на именките во синтагмата. Самата синтагма се состои од две именки: трговија и луѓе.

Трговија претставува стопанска активност на размена на добра и купопродажба. Сите облици на трговија се регулирани со правни прописи, а нивните повреди (зависно од тежината) повлекуваат одреден степен на одговорност на прекршителите. Најтешки облици на деликти на недозволена трговија се трговијата со бело робје, трговијата со оружје и опојни дроги. [3]

Луѓе - човечки суштества (множина од човек - човечко суштество). По меѓународните договори, човекот со своето раѓање се стекнува со слободи и права кои се заштитени и чие загрозување е санкционирано како прекршочен или кривичен деликт. [4]

Во нашата теорија и практика не постои единствен став околу самиот термин со кој се означува оваа безбедносна појава. Имено, доколку се занемари ненаучната

[2] Мијалковиќ С - *Појмовно разграничење трговине људима и других сличних појава и терминолошких концепата*; Безбедност, бр.1; Београд; стр.52-53

[3] Бошковиć М - *Криминолошки лексикон*; Матица српска; Нови Сад, 1999; стр. 359 - 360.

[4] Исто, стр. 394.

терминологија за обележување на овој феномен подеднакво се користат синтагмите трговија со луѓе и трговија со човечки суштества. Правилно е да се користат двете синтагми, но поправилно е да се каже трговија со човечки суштества, затоа што терминот „трговија со човечки суштества“ е општоприфатен термин во светската научна и стручна јавност. Терминот „*Trafficking in human beings"* стандардно се употребува речиси во сите меѓународни документи кои се однесуваат на оваа проблематика. Меѓутоа, во секојдневната комуникација е поприкладно и вообичаено да се користи терминот трговија со луѓе. [5]

Прашањето на трговија со луѓе зема огромни размери во делот на Југоисточна Европа (Балканот). Меѓу причините поради кои што Балканот е референтен случај на трговијата со луѓе е и прогресијата од состојба на конфликт во постконфликтна состојба и транзицијата во овие земји. [6]

Трговијата со луѓе е растечки транснационален криминален феномен и опасен предизвик за националната и меѓународната безбедност. како со оружје, дрога или пари. . Иако не е нов феномен, се прошири во нови региони од светот и претставува значителен дел од нелегалната глобална економија. Трговијата со луѓе се разгледува примарно како национална и меѓународна безбедносна закана. Одговорите на безбедносните закани во овој поглед треба да ги вклучат државните институциии и цивилното општество. Безбедноста не е прашање само на надворешни закани за националниот суверенитет; безбедноста исто така подразбира општество кое ефикасно функционира. Затоа, нема двоумење дека трговијата со луѓе е навистина прашање на регионалната безбедност.

Трговијата со луѓе е призната како најлоша форма на ропство на модерното време, и е осудена како акт кој сериозно ги нарушува универзалните човекови права.

Огромните профити создадоа глобална мрежа организирана од транснационални криминални банди кои тргуваат со луѓе на ист начин како со оружјето, дрогата или парите. Иако најголемиот дел од земјите во светот го елиминираа ропството уште одамна, трговијата со луѓе стана една од активностите на организираните криминални групи, кои се

---

[5] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[6] Неткова Б - *Превенција на трговијата со жени и градење на мирот во Македонија*; Фридрих Еберт; Скопје, 2004.

докажаа како високо ефективни во навлегувањето во земјите и регионите кои се осиромашени од војните, вооружените конфликти или лошо управуваните транзиции.

Штом организираната трговија со луѓе ќе наиде на погодно тло во рамките на некоја држава или регион, таа расте брзо и поставува стратегиски ризици за стабилноста и иднината на државата. Кога веќе еднаш ќе се востанови, мрежата за недозволената трговија се поврзува со другите постојни криминални организации коишто ги држат другите сфери на влијание во криминалниот пазар, како што се: тероризмот, дрогата, тргувањето со оружје.

Новите методи на трговија со луѓе се сé повеќе прикриени и потешко се откриваат. Меѓународните криминални организации ги адаптираат методите според новите мерки кои ги презема владата и регионалните институции. Се појавуваат и неколку алтернативни начини на трговија со луѓе кои одат паралелно со традиционалните и им предизвикуваат потешкотии на безбедносните сили и полицијата при нивното откривање. Криминалните организации ги прилагодуваат методите на оперирање според промените кои се случуваат во средината со цел да го избегнат откривањето и да го зголемат профитот.
Трговијата со луѓе е сериозно и сложено прашање кое влијае на многу региони во светот, вклучувајќи го и Балканот, кој како регон во Југоисточна Европа, доживеа предизвици поврзани со трговијата со луѓе, вклучувајќи ја и внатрешната и прекугранична трговија со луѓе. Постојат повеќе фактори кои придонесуваат за појава и распространетоста на трговијата со луѓе:

- Геополитички и историски фактори: Балканот има историја на политичка нестабилност, конфликти и транзиција. Овие услови можата да создадат ранливост што трговците со луѓе ги искористуваат.
- Економски предизвици: Економските тешкотии во некои балкански земји може да доведат до високи нивоа на невработеност и сиромаштија, што ги прави поединците поподложни на шеми за трговија со луѓе кои ветуваат економски можности
- Транзитна рута : Балканот служи како транзитна рута на трговците со луѓе кои ги преместуваат луѓето од региони како Источна Европа во Западна Европа. Пролазните граници и сложениот политички пејсаж им ја олеснуваат работата на трговците со луѓе.

- Корупција и слаби институции: Корупција та и слабите институции за спроведување на законот во некои балкански земји може да ја олеснат трговијата со луѓе обезбедувајќи им можности на трговците со луѓе да работат неказнето.
- Социјални ранливости: Ранливитепопулации, како што се жените, децата и мигрантите, често се мета на трговците со луѓе.  Социјалната ранливост на овие групи може да се влоши од фактори како што се дискриминација, недостаток на образование и ограничен пристап до здравствена заштита.

  Трговијата со луѓе е сериозно кршење на човековите права што погодува милиони луѓе ширум светот. Жртвите на трговијата со луѓе доаѓаат од различно потекло и тие можата да бидат подложени на различни форми на експлотација. Некои вообичаени форми на трговија со луѓе вклучуваат:
- Сексуална трговија: Жртвите , често жени  и деца, се принудени се да се вклучат во комерцијални сексуални дејствија против нивната волја. Ова може да слкучи проституција, порнографија или други форми на сексуална експлотација.
- Трговија со работна сила: Поединците се принудени да работат под експлоататорски услови, често во индустрии како што се земјоделството, градежништвото,домашната работа и производството.
- Трговија со деца: Децата може да бидад тргувани за различни цели, вклучувајќи принудна работа,сексуална експлоатација,питачење. Тие се особено ранливи поради нивната возраст и зависноста од другите.
- Принуден брак: Некои поединци се принудени на брак против нивната болја, често со елементи на трговија со луѓе. Ова може да резултира со домашно ропство  и сексуална експлоатација.
- Трговија со органи : Во некои случаи, жртвите може да бидат тргувани со цел отстранување на органи, обично без нивна информирана согласност.

  Трговците со луѓе користат различни методи за контрола и манипулација со своите жртви, вклучувајќи физичко насилство, психичко малтретирање, конфискација на документи за идентификација и должничко ропство. Ранливите популации како што се мигрантите, бегалците и о ние кои живеат во сиромаштија, често се мета.

Владите , невладините организации и меѓународните тела работат на борба против трговијата со луѓе преку превенција, гонење на трговците со луѓе, заштита на жртвите и

партнерства со различни засегнати страни. Подигнување на свеста, подршка на преживеаните и спроведување на ефективни закони и политики се клучни во борбата против трговијата со луѓе.

Трговијата со луѓе е сложен процес за откривање, идентификување и борба против неа, која бара професионалност и меѓусебна соработка:

- Меѓународна соработка- трговијата со луѓе често ги надминува националните граници. Соработката меѓу земјите е од суштинско значење за следење и кривично гонење на трговците со луѓе, како и за спасување и подршка на жртвите. Меѓународните организации, како што е Канцеларијата на Обидинетите нации за дрога и криминал (unodc), играат клучна улога во олеснувањето на соработката.
- Соработка за спроведување на законот- Заедничките напори меѓу агенциите за спроведување на законот на локално, национално и меѓународно ниво се клучни. Споделувањето на информации и координираните дејствија може да помогнат да се уништат мрежите за трговија со луѓе и да се изведат сторителите пред лицето на правдата.
- Законодавството и правна рамка- Земјите треба да имаат сеопфатно и цврсто законодавство за справување со трговијата со луѓе. Усогласената правна рамка ја олеснува соработката меѓу нациите и гарантира дека нема безбедни засолништа за трговците со луѓе.
- Невладините организации и групите за граѓанското општество често играат Витална улога во идентификување и помагањето на жртвите, подигање на свеста и застапување на промени во политиките.
- Подршка и рехабилитација на жртвите- Соработката помеѓу владините агенции, невладините организации и давателите на услуги е од суштинско значење да се обезбеди сеопфатна подршка на жртвите.Како што е медицинска нега, правна помош и програми за реинтеграција.
- Јавата свест и образование- Едукацијата на јавноста за знаците на трговија со луѓе е критична. Колаборативните напори во кои се вклучени владите, невладините организации и медиумите може да помогнат да се подигне свеста и да се промовира колективното чувство за одговорност.

- Вклучување на приватниот сектор: Бизнис заедницата може да придонесе со имплементирање на етички практики на синџирот на снабдување, осигурувајќи дека нивните операции ненамерно не ја поддржуваат трговијата со луѓе. Соработаката со бизнисите е важна за спречување на експлоатација во различни индустрии.
- Технологија и иновации- Искористувањето на технологијата за следење на активностите на трговија со луѓе е од клучно значење.Соработката со технолошки - компании, истражувачи и агенции за спроведување на законот може да го подобри развојот и имплементација на иновативни решенија.
- Истражуване и споделување податоци- Соработката во истражувачките напори помага во разбирањето на еволутивната природа на трговија со луѓе. Споделувањето податоци и информации меѓу земјите и организациите придонесува придонесува за поинформиран и поефективен одговор.
- Дипломатски нагажман- Владите можат да користат дипломатски канали за решавање на проблемите со трговијата со луѓе со други нации. Билатералните и мултилатералните ангажмани може да доведат до договори и заеднички акции за борба против трговијата со луѓе.
- Стратегии за превенција- Заедничките напори треба да се фокусираат на спречување на трговијата со луѓе преку кампањи за подигање на свеста, справување со основните причини како што се сиромаштија и нееднаквоста, како и спроведување на превентивни мерки во ранливите заедници. Сеопфатен и координиран пристап кој ги вклучува владите, органите за спроведување на законот, невладините организации, бизнисите и заедниците е од клучно значењеза повеќестраните предизвици што ги носи трговијата со луѓе.

## 2.1 Трговијата со луѓе и организираниот криминал

Организираниот криминал е многу комплексен феномен кој вклучува широк и разновиден ранг на активности: трговија со наркотични средства, криумчарење со оружје, перење пари и незаконски трансфери на пари поврзани со терористички активности, како и трговија со луѓе. Трговијата со луѓе е еден од облиците на организиран криминал.

Организираниот криминал покрај другите суштински – клучни елементи го карактеризира неговата транснационална природа, односно можноста неговите дејности да ги преминуваат државните граници. Организираниот криминал претставува извршување на казниви дела од страна на злосторничко здружение заради остварување на профит или моќ, со употреба на насилство или со користење на посебна положба во општеството, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење.

Покрај социјалните, економските и политичките притисоци кои трговијата со луѓе ги наметнува на секое општество, значително важно прашање кое се однесува на овој феномен е можната поврзаност со другите форми на организиран криминал, дури и со меѓународниот тероризам[7]. Според експертите во ова поле, трговијата со луѓе и тероризмот се поврзани во некои делови на светот, особено ако трговијата со луѓе е распространета и претставува значајна компонента на нелегалната економија. Во овие одредени региони може да биде вклучен Балканот, како и делови од поранешниот Советски Сојуз. [8]

Институциите кои работат на оваа проблематика, потврдуваат дека организираниот криминал, а посебно трговијата со дрога, претставува најважниот извор за финансирање на терористичките групи, обезбедувајќи до 30 - 40 проценти од нивните фондови. [9]

Врската помеѓу организираниот криминал и терористичките групи често пати е многу тешко да се потврди, вообичаено „финансиите и мрежите употребувани од организираниот криминал имаат значење за развој и поддршка на тероризмот“. [10]

Според проценките на ООН, трговијата со луѓе стана „третиот по големина бизнис во целиот свет“, кој создава профит приближно од околу 9.5 билиони $ годишно. Тоа е блиско поврзано со перење на пари, трговија со дрога, фалсификување на документи и криумчарење на луѓе. [11]

---

[7] Види повеќе Дојчиновски М., Оџаков Ф., Разузнавачки операции, Скопје, 2010, стр 193

[8] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[9] Shelley L - *Combating Transnational Crime and Corruption in Europe*; Statement to the Subcommittee on European Affairs; United States Senate Committee on Foreign Relations, 30 October 2003, достапно на:http://www.american.edu/traccc/resources/publications/shelle03.pdf.

[10] Chris Patten - EU Commissioner - Speech at „*Defeating Organized Crime in South Eastern Europe*“, Lancaster House Ministerial Conference; London, 2002.

[11] U.S. State Department - *Trafficking in Persons Report*; June 2005, достапно на: www.state.gov/g/tip/rls/tiprpt/2005.

Во Југоисточна Европа постои широк опсег од криминални организации кои се движат од ќелиски структури до лабави мрежи кои се инволвирани во разновидни транснационални криминални активности, вклучувајќи и трговија со луѓе. [12]

Организираните криминални групи се вклопуваат во комерцијалните (трговските) структури или се појавуваат во светот на бизнисот; способни се да применат насилство, тајност и корупција за да остварат профит и да осигураат своја контрола врз териториите, личностите и пазарите. [13]

Помеѓу сите активности со кои се поврзува меѓународниот организиран криминал примарно место секако треба да се даде на трговијата со луѓе. За оваа тема се направени повеќе анализи. Некои автори сметаат дека ова го изведуваат „претпријатија" кои се специјализирани за вакви активности и со нив се занимаваат подолго време. Во врска со оваа теза се мисли дека ваквата работа ја вршат професионалци кои почнале од дното и сега се на врвот на криминалните организации. Според други истражувачи, оваа теза е неточна. Тие велат дека најголемиот број од луѓето поврзани со вакви активности немаат криминално досие и ниту претходно искуство. Голем број случаи укажуваат на тоа дека одредени туристички агенции, транспорт компании, како и агенции за вработување се вмешани. Обично вработените во овие компании немаат криминално досие ниту постојани врски со криминалните организации. Се претпоставува дека трговците со луѓе ги држат под контрола нелегалните имигранти и ги присилуваат на криминални активности, проституција или, пак, да работат за минимални плати. [14]

Иако недостатокот на податоци за поврзаноста помеѓу трговијата со луѓе и другите форми на организиран криминал и тероризам оневозможува точна проценка, сепак во анализите за организираниот криминал се проценува дека криминалните активности кои се во врска со трговијата со луѓе континуирано се прошируваат, развиваат и специјализираат. [15]

Следниве фактори се идентификувани како најчести **причини за трговија со луѓе:**

---

[12] Chatterjee J - *The Changing Structure of Organized Crime Groups*; Royal Canadian Mounted Police, Ottawa, 2005.

[13] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[14] Ruggiero V - *Criminals ans service providers: Cross-national dirty economies;* Crime, Law and Social Change 28.

[15] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

***1. Преминот од транзиција до слободна пазарна економија*** - Процесот на економска транзиција во земјите од Југоисточна Европа водеше до намалување на квалитетот на живеење и брзо ширење на сиромаштијата кај поголемиот дел од населението. Во исто време, транзицискиот процес водел кон слабеење на државните институции каде била проширена корупцијата. Се проценува дека степенот на пораст на криминалните активности во многу земји од регионот е обратно пропорционален со постигнатите успеси на другите држави во имплементирање на демократските и пазарните економски реформи. [16]

Овие тешки економски услови ги погодиле и жртвите кои се стремеле кон подобар живот, но и трговците со луѓе кои во оваа работа гледале можност за добивање големи суми на пари со минимална или никаква инвестиција. [17]

***2. Отворање на границите*** - Познато е дека голем дел од „новата“ трговија со луѓе потекнува од поранешниот социјалистички блок, со отворањето на границите во почетокот на 1990 година, по завршувањето на Студената војна. Трговијата со луѓе не е нов феномен, но тој драстично се зголемува во деведесеттите години. Миграцијата во земјите на Западна Европа, легална или нелегална, претставува за најголем број мигранти решение за сиромаштијата и нуди шанса за подобар живот. Имајќи го ова предвид, очигледно е дека многу лица стануваат жртви на трговците со луѓе кога бараат помош за мигрирање или работа во странство. Освен тоа, отворањето на границите доведе не само до пораст на соработката помеѓу земјите во борба против илегалната имиграција, но исто така пораст на организирана криминална активност која ја вклучува трговијата со луѓе.[18]

***3. Постоење на развиен „црн пазар“*** - Како што е случај во сите форми на организиран криминал постоењето на развиен „црн пазар“, играло голема улога во основањето и развојот на нелегалните мрежи и правци на нелегална трговија. По 1990 година, почнале да се појавуваат различни криминални групации кои ги искористувале

---

[16] Romanian Intelligence Service - *Transnational organized crime-a threat to the global market*; достапно на: http://www.sri.ro/pdfuri/1-12-2002-crima%20organizata.pdf.

[17] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[18] Shelley L - *Human Trafficking: Transnational Crime and Links with Terrorism*; Statement to the House Committee on International Relations Subcommittee on International Terrorism, Nonproliferation and Human Rights, 25 June 2003, достапно на: http://usinfo.state.gov/eap/Archive_Index/Human_Trafficking_Transnational_Crime_and_Links_with_Terrorism.html.

слабостите на државата и корумпираноста на државните структури. Вообичаено, трговците кои пренесувале лица преку државните граници се инволвирани во неколку други форми на трговија. Освен тоа, лицата кои се вклучени во трговија со други артикли можат лесно да станат трговци со луѓе поради нивната запознаеност со веќе постојните мрежи и познатите правци, како и да се мотивираат од високите приходи кои се стекнуваат од трговијата со луѓе, со релативно низок ризик. [19]

***4. Војните во поранешна Југославија*** **-** Распадот на Југославија и војните кои се појавија доведоа до пораст на организираните криминални активности во Југоисточна Европа. Потребата да се финансираат воените напори од различни групи инволвирани во конфликтот во регионот доведе до појава на т.н „воена економија", која ги создава своите фондови од илегални активности. Мрежите и пазарите кои биле создадени за време на војните продолжиле да постојат и по нивно завршување затоа што се покажале како многу ефикасни. Понекогаш дури и мировните сили биле вклучени во такви активности (како трговија со луѓе и проституција), а, исто така, често стануваат конзументи на „производите" на криминалните групи. [20]

Етничките, религиозните, социјалните и националните разлики кои се толку длабоко вкоренети кај балканските народи, исчезнуваат кога се работи за пари кои се добиени од овие нелегални активности. На пример, постојат докази за силна поврзаност помеѓу албански и српски банди, кои сметаат дека стабилизацијата на регионот е против нивните интереси. [21] Трговијата со луѓе е исклучително важно прашање во Југоисточна Европа,поради тоа што има потенцијал да го поткопа процесот на демократизација, да ги ослабне напорите за реформи на институциите, да ја поттикне корупцијата и да се закани на процесот на стабилизација во регионот. [22]

Трговијата со луѓе, некогаш примарно концентрирана во определен регион од светот, а денес под притисокот на глобализацијата, поврзува многу далечни региони. Во таа

---

[19] Bruggeman W - *Security and Combating International Organized Crime and Terrorism*; European Community Studies Association, December 2002; достапно на: www.ecsanet.org/ecsaworld6/contributions/session1/Bruggeman.doc.

[20] Romanian Center for Journalism of Investigation - *Trade with Poverty, Human Beings Trafficking*; Report of the Human Beings Trafficking in the Balkans, September 2003, достапно на: www.proiect.ns/archives/00032.html.

[21] Curtis G E - *Nations Hospitable to Organized Crime and Terrorism*; Federal Research Division; Library of Congress; October 2003, достапно на: http://loc.gov/rr/frd.

[22] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

смисла, евидентно е дека трговијата со луѓе стана предмет на загриженост како кај националните така и кај меѓународните системи на контрола.[23]

Профитите од трговијата со луѓе имаат негативно влијание врз националната безбедност преку поттикнување на перење пари, измами, даночен криминал, фалсификување на документи, трговија со наркотици, оружје и украдени возила, продажба на човечки органи и други криминални активности. Со поткопување на легалните пазари за работна сила во нестабилните региони и попречување на владите во економската и политичката транзиција или постконфликтна реконструкција, трговијата со луѓе придонесува кон одржување на нестабилна и кревка политичка средина. Фактот дека таквите сериозни нарушувања на човековите права на милиони жртви поминува, главно, неказнето, ја индицира главната ерозија на сите напори да се засили заштитата на човековите права како водечки принцип на правдата и законот. [24]

Фактите укажуваат дека и покрај засилените проверки на границите и полициски контроли на „познатите нелегални премини“, трговијата со луѓе сѐ уште се јавува и натаму, а поголемиот дел од сторителите поминуваат неказнето. Во најголемиот број случаи законскиот статус на жртвите на трговијата со луѓе е оној на нелегален имигрант. [25]

Трговијата со луѓе, или неретко именувана како трговија со бело робје, е криминалитет со историска димензија. Се јавува во сите етапи од развојот на општеството, модификувајќи се и адаптирајќи се кон постојните услови.

Во стариот и средниот век се јавува во форма на поробување на жените во војни и таквиот плен од завојувачкит е походи бил „на услуга на војските и војниците, но и терани во ропство заради продавање на јавните куќи што ги држела државата”. [26]

Тесната поврзаност на трговијата со луѓе со проституцијата упатува и на една друга форма на трговија со луѓе позната под името – храмска или световна проститција, појавена

---

[23] Albrecht H - *Trafficking in Humans-Theory, Phenomenom and Criminal Law based responses*; Max Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, Freiburg, достапно на: http://www.umn.edu/humanrts/svaw/trafficking/law/index.htm.

[24] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[25] Wujers M, Doornick M -*A critical assessment of anti-trafficking strategies*; September 2002, достапно на: http://www.walnet.org/csis/wijers-rights.html.

[26] Арнаудовски Љупчо, Стојановски Трпе - *Трговија со луѓе – криминалитет*; Скенпоинт, Скопје; Скопје, 2002 година; стр. 85.

во третиот век од нашата ера, развиена од страна на црквата под изговор дека се врши во чест на боговите, изразувајќи ја на тој начин огромната преданост кон нив.

Носејќи огромни приходи, овој вид на проституција, кој претставува предворје на трговијата со луѓе, го надминува раниот период од робовладетелското општество и го следи и натамошниот развој на општеството, притоа разграничувајќи се во свои понапредни облици. [27]

Поимното дефинирање на појавата трговија со луѓе го следи трендот на сопственото збогатување. Паралелно со развивањето на начините на остварувањето на трговијата со луѓе и целите поради кои истата се прави, доаѓа и до продлабочување на теоретизирањето околу она што претставува појавата, нејзините карактеристики и причинители. Се продлабочуваат и изменуваат и постојните дефиниции и законски дескрипции. Она што претставувала терминологијата "трговија со луѓе" во меѓународните договори и конвенции во раните години на дваесетиот век, денес дополнително е развиено во посебен меѓународно правен режим. При дефинирање на оваа појава, неминовно е за појдовна точка да бидат земени меѓународните акти, кои дополнувајќи ја постојано содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, ги одредуваат основните нејзини елементи. Од нив се гледа дека при дефинирањето, секогаш се тргнува од поимот ропство, кој по својата содржина е поширок и во себе ја инкорпорира трговијата со луѓе. „Трговијата со луѓе првенствено претставува сериозно кршење на основните човечки права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забрана на суровиот и нехуман третман и слобода на движење." [28]

Дефиницијата за трговија со луѓе продолжува да биде тема на дебати, овде ќе ја примениме дефиницијата за трговија со човечки суштества формулирана во Протоколот за превеција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе кој ја дополнува Конвенцијата на ООН против меѓународниот организиран криминал, која ќе биде дефинирана подолу во текстот.

[27] Арнаудовски Љупчо - *Предавања по социјална патологија*; Скопје, 1983; стр. 306 – 307.

[28] Данаилов Владимир - *Трговија со луѓе –криминален бизнис со робовладетелски лик*; Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје; Скопје, 2001; стр 1.

## 2.2 Елементи и компоненти на предметот на трговија со луѓе

Членот 3 од *Протоколот за трговија со луѓе* појаснува дека трговијата со луѓе има три составни елементи:

(1) акт (она што е направено);

(2) средства (како тоа е направено); и

(3) експлоатативна цел (зошто тоа е направено).

Членот 5 понатаму бара земјите да гарантираат дека однесувањето содржано во членот 3 е инкриминирано во нивното домашно законодавство. Важно е да се запомни дека дефиницијата во *Протоколот за трговија со луѓе* има за цел да обезбеди степен на усогласеност и консензус низ целиот свет за феноменот на трговијата со луѓе; меѓутоа, домашното законодавство не мора да го следи прецизиниот јазик на *Протоколот за трговија со луѓе*. Наместо тоа, домашното законодавство треба да биде адаптирано во согласност со домашните правни системи и да им даде правосилност на значењето и концептите содржани во *Протоколот за трговија со луѓе.*

Протоколот за трговија со луѓе бара кривичното дело на трговија да биде дефинирано преку комбинација од трите составни елементи, а не преку поединечните компоненти, иако во некои случаи поединечните елементи ќе претставуваат кривични престапи сами по себе. На пример, делото грабнување или примена на сила без согласност (напад) најверојатно ќе претставуваат посебни кривични прекршоци според домашното кривично законодавство.

1. Престапот мора да вклучи кој било од следниве процеси:

• врбување (регрутирање);

• транспортирање;

• префрлање (трансферирање);

• засолнување; или

• примање лице.

2. Тој, исто така, мора да содржи барем една од следниве постапки:

• Употреба на сила;

• Закана со сила;

• Принуда;

• Грабнување;

• Измама;

• Лага;

• Злоупотреба на моќ или на позиција на ранливост; или

• Давање или примање корист

3. Третиот составен елемент во случај на трговијата со луѓе е тоа што лицето ги извршило битните дела со *намера* жртвата да биде „експлоатирана“.

*Протоколот за трговија со луѓе* не ја дефинира експлоатацијата, но дава неисцрпна листа на форми на експлоатација: „Експлоатацијата вклучува, најмалку, експлоатација на проституцијата на други или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропство, слугување или отстранување на органи“.

Повторно, важно е да се запомни дека обврската за инкриминирање на трговијата со луѓе според *Протоколот* не бара домашното законодавство да го користи прецизниот јазик содржан во дефиницијата на ТЛ. Напротив, домашното законодавство треба да биде изготвено на начин којшто е во согласност со домашната правана рамка, под услов да содржи комбинација од составните елементи содржани во дефиницијата.

Делото тргивја со луѓе не треба да бара да постои конкретна експлоатација. Како што е јасно од *Протоколот,* не мора да се случи конкретна експлоатација. Сé што се бара е обвинетиот да има извршено едно од составните дела, со помош на едно од набројаните средства заради експлоатирање на поединецот, или поинаку формулирано, со намера поединецот да биде експлоатиран.

Менталниот елемент може да се докаже на многу начини. Треба да се забележи дека *Протоколот за трговија со луѓе* бара земјите да ја инкриминираат трговијата со луѓе само кога се врши намерно, како според членот 5(1). Меѓутоа, земјите не се спречени да овозможат барањето да се утврди според понизок стандард, т.е. невнимание, своеволно затворање очи, па дури и кривична небрежност, предмет на барањата на домашниот правен систем

**Компоненти на трговијата со луѓе -** Кривичното дело трговија со луѓе се состои од географски, структурни и комерцијални компоненети. Во случајот на прекугранична трговија, географските и структурните компоненети може да се изразат на следниов начин:

• Земја на потекло (регрутирање и извезување);

• Земја на транзит (транспортирање);

• Земја на дестинација (увезување и прием).

Во овие три области, комерцијалните карактеристики инхерентни во овој вид криминал значат дека трговците се присилени да се вклучат во една или повеќе од следниве активности

• Огласување (како дел од процесот на регрутирање или експлоатација);

• Изнајмување простор (безбедни куќи, бордели, потилници, фабрики итн.);

• Транспортирање (документи за идентификација и патни исправи и процесот на транзит);

• Комуникации (организирање на регрутирањето и експлоатацијата);

• Финансиски трансакции (се применуваат во сите погоре споменати).

Доказниот материјал може да постои во која било од овие фази при процесот на трговија и истражните органи мора да најдат начини целосно да ги искористат ваквите можности за докази и на тој начин да обезбедат спасување на жртвите, и апсење и осудување на трговците, како и конфискација на нивните средства од криминалот. [29]

## 2.3 Протокол на ОН за трговијата со луѓе

Според чл.3(а) „Трговијата со луѓе значи регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана или со употреба на сила и други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување или со употреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнување на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација. Експлоатацијата, во најмала рака, како минимум ја опфаќа експлоатацијата на проституацијата на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна

[29] Канцеларија на Обединетите нации за дроги и криминал, Канцларија за регионалната програма за Југоисточна Европа – *Трговија со луѓе & криумчарење на мигранти, упатства за Меѓународна соработка;* февруари, 2010; стр. 6 – 8.

работа или принудни услуги, ропство или пракси слични на ропство, слугување или вадење на органи“. [30]

Протоколот на ОН за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал е најважниот од сите меѓународни договори за трговија со луѓе. Протоколот влезе во сила во 2003 година, а заклучно со 1 јануари 2009 година, тој имаше над 124 држави-страни. Тој бара државите да ја инкриминираат трговијата со луѓе како што е дефинирана во тој инструмент, како и поврзаните престапи.

Целите на Протоколот се:

■ Спречување и борба против трговијата со луѓе, обрнувајќи особено внимание на жените и децата;

■ Помагање на жртвите на таа трговија, со целосно почитување на нивните човекови права; и

■ Промовирање соработка меѓу државите-страни за да се исполнат тие цели.

Главните обврски на државите-страни кон Протоколот се следниве:

■ Да ја инкриминираат „трговијата со луѓе“ како што е дефинирана во Протоколот и да наметнат казни што ја земаат предвид тешката природа на тој престап;

■ Да ги заштитат, до степенот возможен според домашното право, приватноста и идентитетот на жртвите на трговија со луѓе и да разгледаат обезбедување низа социјални услуги за да им овозможат заздравување од траумата предизвикана со нивните искуства;

■ Да обезбедат правниот систем да содржи мерки што на жртвите им нудат можност за добивање компензација;

■ Да ја зајакнат граничната контрола којашто можеби е потребна за спречување на трговијата со луѓе, без тоа да ги повреди другите меѓународни обврски со кои се овозможува слободно движење на луѓе;

■ Да обезбедат интегритет на националните патни или исправи за идентификација и бргу да постапуваат во одговор на барањата за верификација на тие документи;

---

[30] *Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons, especially Women and Children*; United Nations; Palermo,2000.

■ Да ја зајакнат, според потребите, соработката со другите држави при размената на информации во врска со идентитети, измамничко користење документи, и во врска со средствата и методите што ги користат трговците. Исто така, потребно е и обезбедување и/или јакнење на обуката за службениците во препознавање и спречување на трговијата, вклучувајќи и обука за подигање на свеста околу човековите права;

■ Да разгледаат можност за дозволување на жртвите да останат на нивна територија, постојано или привремено, земајќи ги предвид хуманитарните и факторите на сочувство;

■ Да прифатат враќање на жртви на трговија кои се нивни државјани, или кои имале постојан престој на нивната територија во времето на влез во државата-прималел. При враќањето на жртвата, мора да се поведе сметка за нејзината безбедност, при што пожелно е враќањето да биде доброволно. [31]

Во оваа насока, со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца–Anti trafficking Protocol–од 2000-та година, за првпат е постигната заедничка дефиниција која се однесува на овој криминалитет.

Под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал кој се состои од противправно остварување на економска или друг вид корист од продажба на мигранти, која се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл., од страна на посредниците, како и разни видови на нивната експлоатација од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост. [32]

Македонија на 12 декември 2000-та година, во Палермо, ја потпиша Конвецијата против транснационалниот организиран криминал со Протоколите донесени од страна на Обединетите Нации, со што "беше потврдена подготвеноста на Државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал, преку зајакнување на меѓународната соработка и владеење на правото". [33]

---

[31] Исто, стр. 12.

[32] Студија Генералног секретара Уједињених нација–*Насиље над децом* ; Организација Уједињених нација; Београд, 2007; стр. 10 - 20;.

[33] Јаниќевиќ Ненад - *Трговија со луѓе: Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти*; Универзитет на Југоисточна Европа; Тетово, 2007; стр.147.

Цел на Конвенцијата е да ја унапреди и да ја направи поефикасна соработката за превенција и борба против транснационалниот организиран криминал. Конвенцијата е прв меѓународен документ која во член 2 и 3 содржи дефиниција на организирана криминална група и транснационален организиран криминал. На 28 септември 2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе законот за ратификација на Конвенцијата со Протоколите, со што истите стануваат составен дел од домашнето законодавство, а особено значење добива Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица, особено жени и деца со кој се придонесува во заложбите за превенирање и сузбивање на овој криминалитет кај нас.

Протоколот е донесен со цел да се потенцира потребата од сеопфатен меѓународен пристап во борбата со трговијата со лица, особено со жени и деца во земјите на потекло, транзит и дестинација, кој треба да вклучува мерки за спречување на ваквата трговија, казнување на сторителите и помагање и штитење на жртвите, заедно со штитење на веќе постојните и признати меѓународни човекови права.

Во воведниот дел од Протоколот се нагласува и значењето на самиот на меѓународната сцена, од причини што до неговото донесување, иако постои цела палета на меѓународни инструменти кои ја третираат материјата трговија со луѓе и кои содржат мерки и правила за борба со ваквата трговија, се нагласува, дека сепак не постои еден универзален инструмент кои ги опфаќа сите аспекти на трговијата со луѓе.

Протоколот се состои од четири дела: општи одредби, заштита на жртвите од трговија со лица, превенција, соработка и други мерки и завршни одредби.

Општите одредби содржат 5 члена кои се поврзани со корелацијата која ја има овој Протокол со примарната Конвенција против транснационален организиран криминал, неговото значење за нејзино надополнување и толкување. Членот 2 од Протоколот ги објаснува целите поради кои е донесен и кои треба да бидат реализирани со него: спречување и сузбивање на трговијата со лица, со посебно внимание на жените и децата како посебна категорија жртви, штитење и помагање на жртвите од ваквата трговија, со почитување на нивните основни човекови права, промовирање на соработка меѓу земјите членки со цел реализација на поставените цели и слично. Ваквите цели кои си ги имаат поставено државите-потписнички со самото потпишување на Протоколот, и сите мерки кои се обврзуваат да ги преземат за нивно реализирање, јасно укажува на будноста на

меѓународната заедница за проблемот на трговија со лица воопшто, и за градацијата на проблемот кога како жртви ќе се најдат жени и деца. Членот 3 упатува на објаснување на употребените термини во Протоколот. Тука се врши и поимно дефинирање на проблемот трговија со луѓе.

Согласно Протоколот се смета дека согласноста на жртвата во било кои од погоре наведените случаи е ирелевантна. Исто така делото, според Протоколот, ги вклучува и состојбите на доброволна проституција, која преку примена на разни мерки на воспоставување на зависност на проститутките се претвора во присилна проституција или во ропски однос. Нема влијание на доброволната проституција, но кога ќе се јават елементи на закана, присила, злоупотреба и слично се трансформира во присилна. Во поглед на малолетникот како жртва, според Протоколот истиот е подведен под терминот "дете" и ги опфаќа лицата под осумнаесет годишна возраст. За нив се смета дека било какво нивно регрутирање, превезување, трансфер, засолнување или прифаќање за потребите на експлоатација ќе бидат сметани за трговија со луѓе дури и во случаи кога тие не се вршени на некој од начините предвидени во точка а од членот 3 од Протоколот. Протоколот ги воспоставува како казниви и обидите за извршување на ова дело и соучесништвото, организацијата или наредувањето на друг да го изврши истото. Во општите одредби се среќаваат и членови за опсегот на примената на Протоколот и за криминализација. Битно за Република Македонија од овој дел е обврската која за нас произлегува од членот 5 во кој на директен начин се одредува и дефинира проблемот на трговија со луѓе како посебно кривично дело. Со тоа е воспоставена и директна потреба од постоење на соодветна инкриминирачка одредба која ќе ја опфаќа појавата на делото недозволена трговија со луѓе, со акцент на кривичниот прогон на сторителите на делото.

Вториот дел, делот за заштита на жртвите од трговија со лица, содржи одредби за помош и заштита на жртвите, во поглед на зачувување на нивната приватност и идентитетот, обезбедување на нивна психичка, медицинска, социјална помош и за таа цел остварување на државите соработка со невладините организации, потоа вработување на жртвите, обезбедување на соодветно образование и слично. Помошта и заштитата на жртвите изразена преку овозможување на приватност, физичка и психичка заштита се посебно значајни за децата-жртви на овој криминалитет. Вметнати се и одредби за статусот на жртвите во земјите-потписнички, за условите и начинот на нивно враќање во татковината

и слично. „Заштитата на жртвите подразбира востановување легитимна процедура за избегнување на моменталната депортација и нивно згрижување во објекти кои располагаат со потребни услови за престој. Во нив жртвите да добијат совети и информации за правата, медицинска, правна, социјална, материјална и друг вид помош, со цел безбедно да се репатрираат во матичната држава."[34]

Третиот дел е делот за превенција, соработка и други мерки кои треба да ги преземат државите-потписнички. Според Протоколот, превенцијата треба да се оствари со истражувања кои треба да ги спроведат државите, информирање на јавност, на службените лица и на самите жртви, активност на мас-медиумите, соработки со невладиниот сектор кој презема активности на ова поле, преку билатерални и мултилатерални соработки меѓу државите за отргање на сите оние предуслови и етиолошки фактори кои придонесуваат за едно лице лесно да потпадне под играта на трговците со луѓе (сиромаштијата, неразвиеноста, недостатокот на еднакви можности и сл), усвојување на силназаконска регулатива и слично. Главно, превентивната политика вклучува сеопфатна превентивна политика и програми, спречување на повторна виктимизација, истражување, информативни кампањи, социјални и економски иницијативи и соработка со цивилното општество. Се наложува и зајакнување на граничната контрола и соработка меѓу државите кога некое лице преминува граница без патни исправи или пак користејќи туѓи патни исправи (сериозен знак дека се работи за трговец со луѓе или жртва на трговија со луѓе), да се врши контрола на документите и да се проверува нивната легитимност и валидност.

Завршните одредби се сочинети од членови кои се однесуваат за начинот на решавање на спорови настанати при толкување и примена на Протоколот меѓу потписничките, за ратификација, потпишување, прифаќање, одобрување и пристап кон Протоколот, негово влегување во сила, начин на дополнување, откажување од него и за јазиците и диспозитарот-Генералниот секретар на ОН.

Со овој Протокол се согледува дека трговијата со луѓе е комплексна материја на која треба да се одговори со ефикасни и ефективни мерки. Исто така, дава и нов приод кон проблематиката трговија со луѓе, самиот поим го дефинира како комплексен и повеќестран,

[34] Стојановски - *Трговија со луѓе;* Македонска ревија за казнено право и криминологија, стр. 377.

ги комбинира традиционалните методи за контрола на криминалот, за покренување на истрага и за казнување на сторителите и за мерките на заштита на лицата жртви на трговијата. [35]

## 3. ПРОЦЕС НА РАЗУЗНАВАЊЕ

Зборот разузнавање често се користи на неколку начини, од кои два се истакнуваат како мошне различни. Од една страна разузнавањето може да се користи за да се опишат процедури и активности, во кои се зборува за вршење на разузнавачка работа, а од друга страна, може да се користи за да се посочи крајниот прозивод на спроведената процедура или о друг зборови за развивање или поседување односно постигнување на резултати.[36] Сепак разузнавњето наједноставно е да се опише како преработени информации со цел да се оформи разбирање дека непреработената информација мора да се преработи за да може да добие значење и толкување. Впрочем ако постои клучен елемент што недостига во било која дефиниција што се врти околу идејата за преработување, тогаш тоа се однесува на фактот што разузнавањето бара висок степен на толкување проследено со соодветен степен на шпекулација. Постојат одредени елементи кои се јавуваат во сите сфери на разузнавањето независно што опфаќа тоа. Тие се: проблем на решавање, потреба од добро планирање, да се бараат, собираат и комбинираат податоци и да се најдат одговори.[37] Овие клучни елементи се заеднички за секој што практикува разузнавање, независно кој е работодавачот или кон кои теми и интереси е свртено нашето внимание.

Многу агенции различно го дефинираат разузнавањето и различно се сфатени нивоата на разузнавање. Некои дефиниции се кратки и концизни, а некои се објаснуваат со параграфи[38]. Разузнавањето секогаш вклучува степен на толкување на податоците што на крајот доведува за постоење на одреден степен на ризик и шпекулација. Разузнавањето вклучува изјави за факти и наоди, кои се резултат на користење логика во однос на одредени релевантни факти. Тоа не претставува кажување на свое мислење или традиционално

---

[35] Исто, стр. 374 – 377.

[36] Дон Мекдауел, *Стратегиско разузнавање*, Поли2циска академија, Скопје, 2007 година.

[37] Ibid.

[38] Види кај Батковски Т., Тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање, Скопје, 2008, стр 17

гледање на работите, туку примена на информации кои го подобруваат работењето на службите заради постигнување на определени цели. При остварувањето на целите разузнавањето користи легални, полулегални и трајни податоци, извории активности. Разузнавањео претставува првиот чекор што води кон обезбедување на докази во кривичната истрага и кои можат да се искористат во судскиот процес.[39] Со текот на времето резултатите од разузнавањето наоѓаат примена во кривичните истраги кои не можат да се решат со превземање на традиционални, конвенционални методи на истрага. Оттука произлегува потребата од разузнавачката информација во случаите кога не постојат докази или тие што постојат се малку, па според тоа често се решаваат случаи врз основа на информациите добиени од соработниците. Тајните операции кои се превземаат во процесот на разузнавање се ризични, но во некои случаи се неопходни за откривање на професионалните прекршители на законот. Од ова може да заклучиме дека разузнавањето претставува откривање на се она што е потребно да се знае во врска со криминалот, бидејќи на органите им се потребни сознанија за одлуките кои треба да ги донесат за целите на спроведување на законот, односно точни информации кои им го кажуваат она што треба да го знаат.[40]

Организираните криминални групи во спротвност од полицијата стануваат се пософистицирани во однос на методите кои ги користат, со што на органите за спроведување на законот им е поважно да го уништат, нарушат или оневозможат работењето на нивните структури, отколку само да апсат поединци. За оваа цел да се оствари на ефективен и ефикасен начин потребно е обемните нформации да се преточат во разузнавачки информации кои полицијата може да ги искористи во насока на донесување заклучоци, но и во поглед на стратегиско размислување и во поглед на оперативните активности. Анализата е клучен елемент во насока на откривање, одвраќање и спречување на криминалците, како и во желбата да се подобри безбедноста на заедницата и квалитетот на животот во ова време на зголемена безбедност и внимателност.

Најважната придобивка од примената на криминалистичкото разузнавање е што полицијата обезбедува средства за ефикасни стратегии кои се прменуваат за обезбедување

[39] З. Димовски - *Криминалистичко разузнавање*, Факултет за безбедност - Скопје, 2019 година;

[40] Ibid.

на проактивно дејство на организираниот криминал, како и да се искористи истиот процес за разрешување на поедини кривични дела. Покрај прибрањето на информации важна е нивната интерпретација која се дефинира со аналитичкиот процес, како и примената како краен производ од употребената вредност. Разузнавањето е многу повеќе од добивање производ. Тоа претставува процес. Давањето на совети на носителите на одлуките во обид да се предвидат идните криминални тенденции не е безначајна вештина, па тоа обично се спроведува преку следење или кратко повикување на разузнавачкиот циклус[41].

## 4. РАЗУЗНАВАЧКА АКТИВНОСТ

Општо прифатено е мислењето дека разузнавањето во практиката е спроведувано според добро поставени принципи, без оглед на начинот на спроведување или употреба. Таа практика содржи внатрешна флексибилност што овозможува мали измени за да одговара на средината во која би се применувало разузнавањето. Врз основа на ова може да се каже дека се додека разузнавањето е утврдено тело на знаење, разузнавачката практика се менува за да им излезе во пресрет на потребите. Покрај појаснувањето на разликите во организациската поставеност во која се применува разузнавањето, тоа исто така се разликува и според причината поради која се користи.

Разузнавачкиот производ што се користи од страна на менаџерите и на високата извршна власт е мноу веројатно да се справува со проблеми поврзани со нивните одговорности отколку со оние ко ги имаат потчинетите.[42] Од друга страна, разузнавањето што се користи во секојдневните рутински операции ќе наиде на мала примена на ниво на централните служби. Карактеристично кај разузнавањето е тоа што речиси при секоја примена може да дејствува на два разлчни начини, од кои едниот фокус е кон менаџирањето, а другиот кон нивото на оперативност и функционалност. Разузнавањето употребувано само за целите на менаџерте и претпоставените, притоа справувајќи се со прашања на мисијата, целите, објектите, програмите и планирањето на ресурсите се нарекува стратегиско планирање. Тоа се фокусра на долгорочните цели на спроведување на

[41] Види повеќе Дојчиновски М., Современо воено разузнавање, Скопје, 2009, стр 57

[42] Дон Мекдауел, *Стратегиско разузнавање*, Полициска академија, Скопје, 2007 година.

законот, со цел да се анализираат тековните и новопојавените трендови и влијание на криминалните појави, промените во криминалната средина, заканите за јавна безбедност и ред, можностите да се контролираат активностите, подготвување-против програми и искористување на можните патишта за промени во политиките, програмите и законите како и за реалокација на ресурсите. За разлика од ова разузнавањето кое помага при секојдневните потреби на супервизорите и пониските раководители и е посветено на моментални, рутински веќе започнати активности на организацијата се нарекува тактичко или оперативно разузнавање.[43] Во полето на службите кои го спроведуваат законот, оперативното разузнавање ќе биде општо засегнато со идентификување, дефинирање на цели, откривање, интервенирање, акции спроведени против одредени криминалци. Многу често овој тип на разузнавање вклучува препознавање специфични елементи во кој бло вид нелегални активности, кои вклучуваат: организирани мрежи, индивидуи или групи вклучени во незаконити активности, употребувани методи, специфични податоци за способностите, ограничувањата, слабостите и намерите на можните прекршители, како и нивните извори на финансиска и друг вид на поддршка. Овој вид на разузнавање најчесто обезбедува претпоставки за истрагата во врска со конкретни елементи на илегални активности од секаков вид. Тие вклучуваат претпоставки и заклучоци во врска со конкретни криминални мрежи, поединци или групи инволвирани во крминални активности, дискусии за користените методи, како и нивните способности, слаби точки, ограничувања и намери кои може да се искористат за ефективни акции на спроведување на законот.[44]

Тактичките разузнавачки активности се обдуваат да приберат и да управуваат со различн информации со цел да се даде помош за успешна реализација на целта на разузнавањето. Тактичкото разузнавање се корист за специфични процеси на донесување одлуки или решавање проблеми во итни случаи или кризи. За разлка од ова, стратегиското разузнавање ги испитува криминалните шеми и трендови заради употреба на раководството при донесување одлуки, изнаоѓање и алокацја на ресурси и планирање н аполитиките. Иако е слично со анализа на криминалот, стратегиското разузнавање се фокусира на конкретни видови криминал, како криминални претпријатија, трговци со дрога, терористи или други

[43] Дон Мекдауел, *Стратегиско разузнавање*, Полициска академија, Скопје, 2007 година.

[44] З. Димовски - *Криминалистичко разузнавање,* Факултет за безбедност - Скопје, 2019 година;

форми накомплексен криминал односно криминалитет. Овие информации и се од голема помош на полицијата за подобро да ги разбере мотивите на целите на разузнавачката активност и може да помогне во распоредувањето на разузнавачките ресурси, изготвување програми за обука на полициски персонал за подобро да ја разберат заканата, како и да обезбеди сознанија кои може да се користат во анлаизата на целите на разузнавањето. Преку стратешките информаци се обезбедува прецизна проценка за фактичкото ниво, методологијата и сериозноста на криминалот на локално, национално, регионално и меѓународно ниво. На овој начин ќе им се овозможи на креаторите на политката на работење насочување на соодветно ниво на ресурси за справување со проблемот. Стратешките нформации ќе помогнат преку јавните медиуми да се развие јавната свест за криминалот што за возврат ќе ја мобилизираат политичката волја за справување со криминалот. Проценката на информациите ќе помогне во давањето стратешки осмислен одговор во областа на промена на законите, меѓународна соработка, стратегиите за превенција, кампањи за едукација  сл. Тактичките нформации ќе обезбедат суровина и ќе ја оформат базата за превземање реактивна, проактивна и разделна истрага против криминалните структури, како на национално така и на мултинационално ниво. Собирањето и доставата на информациите може да доведе до спасување на жртвите и превентивно-репресивно дејствување на криминалитетот, ќе се олесни водењето на заеднички операции помеѓу државите, потоа може да помогне и за надминување на компликациите со кои се соочени органите на прогонот и да се спречи или намали дуплирање на истраги во различни јурисдикции. Тематските и специфични информации можат да бидат употребени за спречување и разбивање на мрежите на криминалците во државите на потекло, транзит или крајна дестинација, било поединечно или паралелно. Исто така овие информации можат да се искористат за засилување на кредибилитетот и релевантноста на програмите за обука и кампањите за едукација водени од страна на органите за прогон. За остварувањето на процесот на разузнавање постојат повеќе видови на истраги кои се превземаат од страна на полицијата. Тие се: реактивна истрага, проактивна истрага и паралелна финансиска истрага, кои се надополнуваат едни со други.

### a. Реактивна истрага

Реактивна истрага се превзема како одговор на одредена кривично-правна ситуација која настапила со цел сведување на минимум на последиците, како и откривање на траги, доказен материјал заради правилно толкување на појавата од кривично-правен и оперативно-тактички аспект и дејствување во правец на постигнување на превентивно-репресивен ефект. Тоа е истрага која е заснована на пријава од страна на лица кои во случајот можат да бидат сведоци, очевидци, жртви, оштетени и сл. за извршени кривични дела, или заснована за откривање на кривично дело или било која друга околност која доведува до полициска истрага и полициски одговор. Реактивната истрага во проблемот на трговија со луѓе се одвива по откривањето на постоење на кривично дело во фазата на експлоатација и добар дел е врз основа на изјави од жртвите.

Реактивниот пристап се состои во реагирање врз основа на пријави од жртви, граѓани, сведоци и слично. Овај пристап долго време бил основен пристап, а воедно проследен и со тешка и незаштитена положба на жртвата и нејзините блиски.[45] Во тој случај постои потешкотија при воспоставување и развивање на контакт, доверба како и создавање услови за жртвата под кои ќе биде спремна и во состојба да соработува, најпрво со полицијата а потоа и со правосуднте органи. Откривањето на пр. принудна проституција дополнително е отежнато поради манпулирањето на трговците со жртвите. Со оглед на тоа што заработката е голема не е чудо што трговците не бираат средства и начин за заплажување, уцена, манипулација, лажно ветување, па дури и навикнување на опијати, а со цел што поголема експлоатација на жртвите и доведување во однос на потполна зависност, што прераснува во еден вид на ропство. Се покажало дека разбирањето на ситуацијата, стравовите и потребте на жртвата се предуслов за добивање на доверба, спремност и решителност на жртвата да соработува во текот на целиот процес на кривичното гонење. Очигледно е дека шансите на жртвата да што подолго издржи во овој процес се поголеми кога на самиот почеток и се покаже колку и како таа може да придонесе за гонење на сторителите и на што се може да биде изложена.

---

[45] *Krivičnopravni sistem i sudska praksa u oblasti borbe protiv trgovine ljudima u Srbiji*, http://www.ungift.org/doc/knowledgehub/resource-centre/Krivicnopravni_sistem-FIN_sa_koricama.pdf

Постојат жртви кои одбиваат секаков вид на соработка, но во пракса се среќаваат и жртви кои се согласуваат да дадат доверливи податоци, а не сакаат да дадат изјава, ниту да сведочат пред суд, како и жртви кои се согласуваат да дадат исказ и да сведочат во текот на судскиот процес.[46] Жртвите одбиваат да сведочат најчесто поради страв за сопствените животи и животите на своите најблиски што е сосема разбирливо. Жртвите кои донекаде се спремни да соработуваат, односно жртви кои се спремни да дадат доверливи информации, но не сакаат да дадат изјава за тоа, ниту да сведочат на суд, тоа го прават свесно поради постоење на ризикот да бидат откриени како извор, поради специфичноста на информациите кои ги даваат, а и поради фактот што законодавството не им пружа потполна заштита на идентитетот во кривичната постапка. И во случаите кога жртвата е подготвена на потполна соработка потребно е да се направи проценка на ризикот во контекст на тоа какво значење има нивното сведочење. Како допринос се сметаат и прибавените оперативни податоци, како и докази добиени на различни начини. Во повеќе случаи е покажано дека во постапката на обезбедување на докази од големо значење е квалитетот на нформациите добиени врз основа на разговор со жртва. Како релевантни посебно се истакнати информациите кои укажуваат на начинот на врбување, односно регрутрање, транспорт, трансфер, прифаќање и сместување на лицата, а потоа и специфичните начини и средства на поттикнување, контрола и експлоатација. Важни се и деталите за старосната граница, начинот на кој жртвата стапила во контакт со трговците, нивен опис, средствата за комуникација, првичниот договор, фактот дали некој од фамилијата на жртвата примил или дал пари или друга материјална корист во замена на неа, дали има сведоци за наведените случаи, датумот, времето и местото на поаѓање од земјата, влез во транзитната земја, односно влез во земјата која е крајна дестинација, дали се се одвива на легален или илегален начин, кој патува со жртвата, опис на возилото со кое се вршел транспортот и сл.

Како предуслов за квалитетна првична идентификација на жртва вклучена во принудна проституција значајни се податоцте за видот на проституцјата во која жртвата е експлоатирана, на пример на улица, во приватни станови, угостителски објекти и сл., потоа податоците во врска со тоа дали работи и со други девојки и кои, колку часови дневно работи, дали морала да плаќа дополнителни трошоци, дали нешто од тоа знаела пред да ја напушти својата земја, на кој начин дознала дека ќе се занимава со проституција, дали била

[46] Ibid.

под контрола и ако била кој го вршел надзорот, каква слобода на движење имала, дали смеела да го напушти објектот, дали имала средба со полиција или друг орган, дали е легитимирана, апсена или кривично гонета, а доколку е, каде, кога и под кои услови, дали имала можност да побегне или дали пробала да побегне, зошто не пробала, дали постоеле сведоци на цел тој процес и кои се тие.

Од големо значење се и детали за различни облици на злоупотреба, а со тоа и физички докази до кои може да се дојде. На пример, видливи повреди треба да се фотографираат, да се извршат лекарски прегледи, лабараториски анализи и сл. Голем доказен потенцијал имаат и документи како што се: дневник кој жртвата го водела, примероци од огласи, обрасци за виза, царински декларации, авионски карти и сл. Со оглед на значењето на финансиската истрага, при собирање на докази треба да се посвети внимание и на оние кои се однесуваат на позначајни финансиски трансакции, па врз основа на тоа да се дојде до податоци за кои жртвата би можела да има сознанија.

Од наведеното може да се согледа дека соработката со жртва при собирање на доказни информации и докази во преткривичната постапка, а и во текот на истрагата и самата кривична постапка е многу значајна, па поради тоа треба да се охрабруваат жртвите за соработка со постојана грижа за нивнта безбедност и безбедноста на нивните блиски лица. Исто така може да се каже дека многу несоодветно е инсистирањето на судот на непосредно учество на жртвите во текот на постапката, вклучувајќи и нивно сведочење во присуство на сторителот и соочување со него.

### б.Проактивна истрага

Проактивна истрага се спроведува плански пред почетокот на експлоатација врз основа на благовремено прибавување на оперативни податоци. Проактивниот пристап подразбира иницијатива на полицијата и оперативна работа за прибирање информации, па врз основа на тие информации се врши контрола на поединци, како и на простор, објект и институција за кои постои сомневање дека во нив се врши кривично дело трговија со луѓе.

Станува збор за сложен процес кој подразбира комбинација на оперативни информации добиени со посебни доказни техники[47] (надзор, визуелно и аудио снимање,

[47] Види повеќе Малиш Саздовска М., Николовски М., Криминалистичка тактика 2, Скопје, 2018, стр 95

тајни операции и сл) и со стандардни истражни техники со цел идентификација на трговци со луѓе и нивно гонење и казнување.[48] Се покажало дека во однос на избор на најсоодветен одговор на криминалната намера и работата на трговијата со луѓе, е многу важно и бирање на најдобра локација, како и времето во кое ќе се изврши лишување од слобода на сторителот против кој е обезбедена таква количина на докази кои ќе доведат до прекин на намерата за експлоатација на жртвата, односно ефикасно гонење. При изведување на проактивна истрага во меѓународни размери, се согледуваат можностите за формирање заеднички истражни тимови, но и мултиагенциски пристап кој вклучува ангажирање на гранична полиција, царина, национални и регионални организации спецјализирани за откривање на трговија со луѓе, министерство за надворешни работи, конзуларни претставништва, социјални служби како и други национални и меѓународни владини и невладини организации.

Искуството и практиката покажуваат дека проактивната опција е многу ефикасен метод за попречување на криминаците кои ги експлоатираат своите жртви во секс индустријата, употреба на дрога и др. Криминалците ги сметаат жените и децата, дрогата, оружјето, како комерцијални производи кои треба да се регрутираат, транспортираат и експлоатираат за профит. Тоа е всушност криминален бизнис во кој се работи само за пари. Криминалците можат даго менуваат својот modus operandi, да ги менуваат рутите, својот идентитет и да користат други бројни тактики за да ги избегнат полициските служби. Постои една битна карактеристика на овој криминал од која тие не можат да се одвојат, а тоа е фактот што нивниот бизнис мора да биде профитабилен, а за да го направат таков треба својот прозвод да го изнесат на пазарот. Како што секоја комерцијална активност бара продажба на стоката, во овој случај се работи за продажба на жртвата. Бизнисот не може да се спроведува без таквата стока да биде изнесена на пазар и да биде рекламирана нејзината способност за потенцијалниот купувач. Оваа поента ја создава „Ахиловата пета“, најслабата точка на криминалците која не можат да ја надминат.[49] Не постои поента во тргување со многу жртви во некоја земја, доколку за тоа не бидат известени потенцијалните клиенти во

---

[48] *Krivičnopravni sistem i sudska praksa u oblasti  borbe protiv trgovine ljudima u Srbiji,* http://www.ungift.org/doc/knowledgehub/resource-centre/Krivicnopravni_sistem-FIN_sa_koricama.pdf

[49] З. Димовски - *Криминалистичко разузнавање*, Факултет за безбедност - Скопје, 2019 година;

таа земја. Известувањето може да се постигне преку различен начин на рекламирање на жртвите независно од тоа дали се врши усно на улица, или преку софистицирана понуда дадена преку интернет. Ова за органите на спроведување на законот значи дека истражителот ќе знае каде треба да бара, затоа што проституцијата како еден вид на најстар криминал секогаш може да се идентификува и да се лоцира. Ако клиентите можат да ги лоцираат проститутките, тоа можат да го сторат и истражителите. Ако можат да се лоцираат проститутките, можат да се лоцираат и криминалците.[50]

Криминалот поврзан со проституцијата во принцип е секогаш ист без разлика дали криминалецот жртвата ја преместува од едно во друго место во иста држава или тоа го прави во повеќе држави. Единствената разлика е тоа што во вториот случај криминалецот и жртвата ја преминуваат меѓународната граница. Легислативната рамка што се однесува на овој феномен дава уште една причина повеќе, криминалците на трговија со луѓе да се дефинираат како меѓународни макроа. Во принцип не постои голема поврзаност во државите во регионот во однос на посебните закони за трговија со луѓе, во некои земји не ни постојат. Некои земји имаат посебни закони што ја забрануваат трговијата со луѓе особено трговијата заради сексуална експлоатација. Иако земјите од регионот имаат различни закони што се однесуваат на проституцијата, најголем број земји имаат посебни закони кои забрануваат да се егзистира од заработката на проститутки или други експлоатирани жртви. Криминалците вршат склоп на поврзани кривични дела како што се физичка и сексуална злоупотреба на жртвите, овозможување илегална миграција, изработка и фалсификување на фалсификувани документи итн. Овие дела можат да бидат сторени во земјата на потекло, земјата на транзит и земјата на крајна дестинација. Во секој случај неопходно е да се направи проценка на која локација ќе биде најсоодветно да се води истрагата со цел прибирање на најефикасни докази и овозможување успешно кривично гонење. За таа цел постојат логични одговори. Прво, криминалците се итри и секогаш многу добро ги покриваат своите криминални активности. Во текот на фазата на извршување на кривичните дела во земјата на потекло и транзит, заедно со сите поврзани кривични дела, многу е тешко да се идентификува криминалот и да се започне истрагата, бидејќи делото само по себе не е видливо, а експлоатацијата не е започната. Сепак, од комерцијални причини, криминалците не можат да го сокријат маркетингот и понудата на услугите на

[50] Ibid.

поститутките. Овие дела се одвиваат во земјата на крајна дестинација. Проституцијата и заработката од неа треба да се раководат и контролираат, треба да се исперат профитите, и токму ова е најважниот момент во кој криминалците се најранливи на ефикасната истрага во земјата на крајна дестинација. Второ, во фазата на извршување на криминалот во земјата на потекло и транзит ќе биде многу потешко да се докаже сторувањето, намерата за сторување на дело трговија со луѓе или подведување на поституција или други поврзани кривични дела, без соработка и сведочење на жртвите, бидејќи во најголем број на случаи експлоатацијата не е започната. Ова е фаза што е сама по себе е многу тешка за докажување бидејќи жртвата не знае многу детали од криминалниот заговор или што е вистинската намера да се прави со неа. Како дополнение на овие факти се наметнува и фактот дека во секој случај жртвите многу ретко сведочат за овој вид на криминал. Како и да е, најефикасните и најдобрите можности за спроведување на успешна борба против трговијата со луѓе се постигнува преку меѓународни, заеднички координирани проактивни истраги во сите земји кои се инволвирани поради било која фаза од криминалните активности.

Концептот на проактивната полициска работа во огромна мера зависи од неколку инструменти, кои им се прилично добро познати на поголемиот дел органи за спроведување на законот: разузнавачки информации, соработници и надзор. Пред воведувањето на проактивната полициска работа овие инструменти се користеле на различни начини. На пример соработниците во минатото се користеле на реактивен начин односно по извршување на одредено кривично дело. Користењето на информатори и соработници од страна на органите за спроведување на законот се повеќе станува составен дел од кривичните законици или од специјалното законодавство кое го уредува нивното место и улога во кривичните постапки. Полициската работа која се заснова на разузнавачки информации е без сомнение патот за иднината, но за неа се потребни големи ресурси, почнувајќи од оние за анализа на информациите, ресурсите за дејствување врз основа на прозводот на разузнавачките информации, како и за истрагата која ќе следи, а ќе резултира со приведување, собирање докази, заплени и сл. Во различни земји е различно убедувањето за вредностите на полициската работа врз основа на разузнавачки информации и се вршат истражувања дали истата може успешно да се применува, при што некои од нив ја сметаат за утопистичка, додека други се загрижени од ризикот на злоупотреба. Според тоа самата природа на проактивните методи бара високи нивоа на контрола и надзор затоа што ваквите

методи можат сериозно да ги повредат основните човекови права, а секогаш постои и висок ризик од лоша пракса и злоупотреба, особено во средини каде има високо ниво на корупција. Во некои држави се поставува прашањето дали органите на прогонот можат проактивно да истражуваат криминал и кривично да го гонат сторителот без да постои пријава или сведочење од страна на жртва. Сепак многу органи за прогон во својата организациона конфигурација имаат единици за борба против дрога и единици за борба против тероризам, и работата на овие единици е скоро секогаш заснована на собрани сознанија, аа ретко се потпира на пријава на жртва на трговија со дрога или тероризам. Мора да се каже дека проактивните операции можат да бараат многу ресурси, многу време и да бидат многу скапи. Во секој случај треба да се земе во предвид сериозноста на делата и тежината на последиците, како и стратешките ризици со кои се соочени економијата и граѓанското општество.

Праксата покажува дека во постапка за откривање, расветлување и докажување на кривични дела за трговија со луѓе, во најголем број случаи потребно е и спроведување на финансиска истрага. Со други зборови, во текот на работата на расветлување на предмети за трговија со луѓе посебно треба да се стави акцент на следењето на парите, а со тоа се обезбедуваат материјални докази кои ги поврзуваат сите луѓе кои се инволвирани на различни начини и фази во извршување на кривичните дела, а рамноправно или на друг начин учествуваат во поделбата на криминално стекнатите пари.

### в. Паралелна финансиска истрага

Финансиската истрага има голема улога во рамките на истрагите од делата на организираниот криминал вклучувајќи го и делото на трговија со луѓе. Како основна причина за оваа истрага се смета тоа што криминалот како таков се врши заради пари. Иницијалната инвестиција е создавање на инфраструктура и обезбедување луѓе што во конкретниов случај претставува примарна работа, понатаму постои продолжено раководење и заработката од криминалот, за конечно да се оствари профитот од истиот преку перење на пари. Организираниот криминал за кој е потребно време да се вкорени и развие, истовремено станува и стил на живеење. Ваквиот стил има карактеристики на луксузни патувања, купување на луксузни производи или едноставно речено уживање во

криминално стекнатиот профит. Сите активности што се превземаат во рамките на овие дела бараат некаква форма на финансиска трансакција, така што проактивната финансиска истрага секогаш завршува со резултати. Кога финансиската истрага се спроведува за време на проактивна полициска фаза мора да се води сметка за секогаш присутниот ризик од откривање на целата операција. Истрагата на финансиските трансакции и анализираните резултати често доведуваа до многу важни информации што можат да се употребат на најефикасен начин за напредување на самата операција. На пример, истрагата на купување билети може да открие детали за евентуални идни патни аранжмани кои можат да станат предмет на следење на влезните или излезните места, потоа анализата на трошоците од кредитните картички може да открие детали за авионските линии, хотелите, ресторанските или казината кои се најчесто посетени дестинации од криминалците во било која локација. Секогаш кога тоа го дозволуваат околностите, полициската финансиска истрага се планира поради идентификација и лоцирање на криминално сетекнати приходи.

Паралелната финансиска истрага едноставно значи дека истрагата во врска со финансиските работи на осомничените за трговија со луѓе се одвива паралелно, или истовремено со сите други истражни активности што се превземаат за да се приберат потребните докази со цел да се оправда притворањето и кривичниот прогон на трговците со луѓе. Во најголем број кривични истраги, стандардната пракса е специјално обучените финансиски истражни органи да започнат со испитувањето на финансиското работење на осомничените откако тие ќе бидат идентификувани и притворени.

Степенот до кој финансиската истрага може ефективно да се примени зависи од капацитетот на законските органи за спроведување на такви истраги. При примена на расположливите законски инструменти треба да се има во предвид дека законските овластувања за спроведување на финансиска истрага се најчесто комплексни и може да вклучуваат и бројни инвазивни овластувања како што се спроведувањето тајни истраги за податоци кои вообичаено би биле професионално доверливи информации. Овластувањата за спроведување на финансиска истрага вклучуваат можност за наметнување обврска на банките и другите финансиски институции за доверливо приложување на податоци во врска со трансакции над одреден износ, или каква и да е форма на сомнителни финансиски трансакции. Парите и другите форми на средства се класифицирани како материјални докази. Казните за трговија со луѓе, перење пари и припадност на криминални организации

обично ја вклучуваат опцијата за конфискација на имот. При тоа со конфискацијата не треба да се одземат само средства стекнати со криминални активности, туку и средства употребени во самиот процес, на пример, сите деловни простории, возила, комуникациска опрема итн. кои биле употребени на кој и да е начин со цел да се овозможи вршењето на кривичното дело.

За утврдување на незаконитоста на активноста со која се заработуваат пари, односно за улогата на секој осомничен во целокупната активност, примената на паралелната финансиска истрага е најефикасна. Не може да се изврши заплена и конфискација на имот доколку не се докаже дека начинот на кој тој имот е стекнат е незаконски. Комбинацијата од проактивни истражни техники и паралелна финансиска истрага е најдобриот начин за утврдување на незаконитоста на дејноста, која истовремено отвара разни области за проактивна финансиска истрага. Степенот до кој финансиската истрага може да придонесе за оваа активност во голема мера зависи од географската локација на експлоатацијата со која се создаваат нелегалните профити. Доколку експлоатацијата се случува во истата јурисдикција во која е и овластен органот на истрагата, може да се примени цела низа на истражни и финансиски техники за да се докаже нелегалноста на активноста на експлоатација и поврзаната финансиска активност. Проблемот на органите на финансиската истрага кои работат во земјите на потекло и транзит е фактот што во голем број на случаи, активностите на експлоатација што тие треба да ги набљудуваат и испитаат се лоцирани вон нивната јурисдикција, што најчесто го ограничува обемот на нивните активности на финансика истрага. Во овие случаи единствената реална опција е спроведување на проактивна истрага во однос на компонентите на врбување и транспортирање, па потоа да се применат реактивни истражни техники и овластувања за инструментите на взаемна правна помош, за во целост да се испита севкупната финансиска слика во текот на фазата по притворање на осомничениот.

Областите на кои се фокусира проактивната паралелна финансиска истрага се:

- рекламирање;
- купување, најмување под кирија или на лизинг;
- транспорт;
- комуникација.

Задачата на органот на финансиската истрага е да се спроведе финансиска истрага во тие области истовремено и во тесна соработка со тимот ангажиран против трговија со луѓе. Тие испитувања може да се спроведат или во текот на фазата пред изрекување на притвор или во фазата по притворање на осомничениот, но секаде каде што е можно, најразумно е тие видови испитувања да се вршат во текот на фазата пред притвор, доколку тоа е практично изводливо и безбедно.

Проактивната финансиска истрага најверојатно ќе открие докази од непроценлива вредност, кои може да се користат во утврдувањето на распределбата на ресурсите за проактивна истрага. Таа може да шослужи и за идентификација на нови осомничени, нови објекти, дати и методи на нови пристигнувања и заминувања, начини на комуникација и финансиски траги итн., односно сето тоа може да биде предмет на испитување од страна на органите на кривичната истрага при примената на проактивните техники.

Секогаш кога тоа е можно, финансиските испитувања во четирите наведени области треба да се спроведат со цел да се утврдат расчленетите доказни факти во секоја поединечна земја на потекло, транзит или крајна дестинација во фазата на притвор. Општите цели на оваа активност се:

- да им се помогне на органите на проактивната истрага да приберат докази за утврдување на незаконитоста на дејноста;
- да се утврдат улогите и сознанијата за криминалот на секој од осомничените;
- да се потпомогне натамошната истрага на фианансиското работење на осомничените, со цел да се лоцираат, замрзнат и конфискуваат средствата.

### i. Утврдување на финансиски промет на криминална дејност

Утврдување на финансиски промет на криминална дејност во конкретен временски период е клучно прашање на кое органите на истрага ќе го засноваат остатокот од истрагата. Ова е релативно едноставна задача и зависи од количината на материјал што му е на располагање на органот на истрага на кој ќе почиваат пресметките. Всушност, во која и да е финансиска истрага во однос на трговци, постапката може да се опише со одговарање на следните прашања:

1. Што е производот на експлоатацијата?

Се работи за тоа дали производот на експлоатацијата се состои од сексуални услуги, услуги што вклучуваат труд како на пример производство на облека или растителни производи, или пак човечки органи како што се бубрег итн.

2. Која е продажната цена на производот?

Кои се цените на сексуалните услуги, која е продажната цена на облеката произведена во трудово-интензивните производствени погони, која е продажната цена на бубрегот итн.

3. Колку „производи“ се продадени во текот на конкретен временски период;

Финансискта операција во која се утврдува износот на прометот е операцијата потребна да се утврди износот на приходи од продажба, колку клиенти влегле во борделот, колку фармерки или бубрези се продадени во текот на периодот што го испитува органот на истрагата итн.

## 5. ИЗВОРИ НА ДОКАЗИ

Органот на истрага ќе треба да ги идентификува изворите од кои може да се најдат одговори на прашањата наведени погоре. Тоа ќе се разликува од случај до случај, но следното може да бде од корист:

- Докази од жртвите сведоци – на кои им се поставени конкретни прашања во врска со бројот на денови или недели во текот на кои биле експлоатирани, бројот на работни часови во текот на денот или неделата и бројот на „производи“ што ги обезбедувале дневно или неделно;
- Проактивната присмотра – Во случаи во кои се спроведени проактивни техники како присмотра и ангажирање тајни агенти, со овој вид присмотра може да се обезбедат докази во врска со работното време, со жртвите, времето на отворање и затворање на објектите во кои се врши експлоатација, бројот на клиенти кои влегуваат во објектот, бројот на возила што го напуштаат објектот со производи готови за пласман на пазарот, конкретните цени итн.;
- Документирани докази – Во текот на фазите пред и по притворот, а особено во текот на операциите на претреси и заплени, веројатно најразлични документи ќе станат достапни и ќе го потпомогнат процесот како манија на сексуални услуги и

ценовници запленети во борделите, дневници на објектите во кои се гледаат списоците на дневните објекти, сметка за услугите, документи за набавки на суровини како текстил, материјал за пакување и слично.

- Финансиска анализа – Како што напредува 1финансиската истрага би требало да станува се повеќе можно да се анализираат документите добиени во текот на истрагата за да се утврди направениот обрт на финансиски средства, како и да се изврши анализа на банкарските изводи и трансакции на кредитна картичка, какви и да се даночни плаќања, стекнување ивот во текот на односниот временски период итн.

Колку ќе биде лесна таа задача зависи од обемот, расположливоста и квалитетот на наведените извори. Јасно е дека доколку ниту една жртва не е подготвена да истапи и доколку начинот на работа на трговците е таков што сите финансиски трансакции се со готовински средства, тогаш ќе биде многу потешко со точност да се утврди обртот. Но една од причините поради која финансиските истраги треба да се применуваат во сите истраги во врска со трговија со луѓе е дека е практично невозможно трговците да управуваат со експлоатацијата без во одредена фаза да се вклучат во финансиски трансакции кои може да се откријат. Во случаите на експлоатација на работна сила стандардната пракса е експлоатираните работници да се исплаќаат со многу мали готовински износи, така што нема документирана евиденција за таквите исплати или за врбувањето на жртвите. И покрај фактот што трговецот намерно одбегнува создавање сметководствени траги на производствениот крај на криминалот многу е тешко тоа да се одбегне. При продажбата, прехрамбените производи, облеката итн. мора да им бидат продадени на трговците на големо или мало, и во многу случаи тие инсистираат на документирана финансиска евиденција за да го прикажат нивото на нивната сопствена деловна активност и да одбегнат било какви проблеми со регулаторите.

## 6. ПРОЦЕС НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе како кривично дело стана глобален феномен. Статистички гледано бројките во врска со овој најнов вид на човечко робување се огромни. Кривичното дело се повеќе се превзема и контролира од страна на организраните национални

криминални мрежи, а причините за ова се прилично едноставни. Трговијата со луѓе е високо профитабилна, а ниско ризична форма на криминалитет во која трговците можат да генерираат и одржуваат големи профити од експлоатацијата на своите жртви знаејќи дека во многу делови на светот, шансите за откривање и прогон се многу ниски, а дури и кога тоа би требало да се случи, сегашноти ниво на казни општо земено е ниско. Како што се менува криминалецот, така се менувва и природата на кривичното дело. Како што економските, демографските и другите гео-политички фактори предизвикуваат промени во структурата на земјите на потекло, транзит и дестинација, така и трговијата како кривично дело постојано еволуира. Помеѓу клучните промени спаѓаат и следниве: земјите на потекло и транзит еволуираат за да станат место на дестинација, просечната возраст на жртвите постојано продолжува да се смалува бидејќи се повеќе и повеќе деца стануваат цел на трговците, нивото и ефектот на различните форми на експлоатација еволуираат во зависност од побарувачката и условите на пазарот.

Моменталното знаење за кривичното дело исто така еволуира. Во глобален контекст, на трговијата за целите на сексуалната експлоатација општо се гледаше како на најдоминантна форма на трговија со луѓе, но тоа гледиште сега се исправи бидејќи нивото на незнаење се подобри. Најновите трендови сугерираат дека трговијата поради сексуална експлоатација може да биде најшироко признаена форма на трговија со луѓе, но не е исто кога ќе се каже дека тоа е најдоминантна форма. Која од категориите на експлоатација доминира во однос на бројките не може да се каже со сигурност, и тоа често зависи од локацијата во која е поставено прашањето. На пример во Европа, веројатно се уште е точно да се каже дека трговијата за целите на сексуална експлоатација е најдоминантна категорија, иако неодамнешните истраги почнаа да откриваат се повеќе и повеќе случаи на трговија поради принудна работа. Сепак во други региони на светот, особено во регионите во кои се наоѓаат земјите на потекло, како што се централна и источна Азија, јужна и западна Африка и јужна и централна Америка, ситуацијата е помалку јасна и поверојатно е дека бројките на жртвите кои се тргуваат за целите на различна принудна работа како што е земјоделство, фабрики со бедни услови за работа, куќна помош, улично просјачење или продавање се поголеми од бројките на жртвите на сексуална експлоатација. Глобално земено, можеби ќе биде поточно да се сфаќа трговијата како трговија за целите на различни форми на принудна работа како единствена најдоминантна категорија. Она што мооже да

се додаде во однос на трговијата за сексуална експлоатација е дека то е, и ќе остане напрофитабилна глобална форма на трговија со луѓе со единствена причина, а тоа е дека тргуваните сексуални работници можат да заработат повеќе профит во еден ден отколку што тоа го може тргуваниот работник на присилна работа. На сличен начин, со никаков степен на сигурност не може да се потврди дали повеќе мажи, момчиња или жени, девојки стануваат жртви на трговијата, а за одговорот на ова прашање постои веројатбост да биде под влијание на локацијата во која истото е поставено. Во глобален контекст, веројатно може да се каже дека се повеќе жени и девојки стануваат жртви на трговијата, иако тоа не мора да важи за конкретни региони и земји, каде мажи и момчиња се често предмет на областа на трговија за принудна работа, улично просјачење или како војници-деца. Она што не се сменува во тој еволутивен процес е штетата која им се нанесува на жртвите од трговијата, како и нивото на ризици кое трговијата со луѓе го наметнува на стабилноста на граѓанското општество. На хуманитарно ниво, трговијата со луѓе, без оглед на формата на целта на експлоатација, нанесува многу сериозна па дури и фатална штета на жртвите. За нив постои голема веројатност да претрпат сериозна физичка, сексуална и психичка штета која може да влијае врз нив до крајот на животот и од која тие никогап не можат да закрепнат целосно. Трговијата со луѓе всушност претставува верзија на ропство на 21-от век, и една од најсериозните форми на злоупотреба на основните човекови права на жртвите. Владите, меѓународните организации и граѓанските здруженија вложуваат значајни напори да се справат со ова, но сеуште постои недостиг од информации за обемот на трагедијата. Само ако се разбере длабочината, распространетоста и обемот ќе може да се креира политика за спротивставување.

Токму поради хуманитарните трошоци и поради стратегиските закани наметнати од кривичното дело трговија со луѓе, агенциите за спроведување на законот мора да се борат против ова кривично дело како прашање кое има приоритет. Важно е да се подигне свесноста и разбирањето за феноменот и за потенцијално суштествената вредност на тоа да се осигура соработката на жртвите на трговијата како сведоци. Сите органи надлежни за спроведување на законот мора да го подобрат професионализмот со кој службениците ги идентификуваат и третираат жртвите на трговијата, и онаму каде тоа е релевантно, да ги раководат како сведоци во процесот на кривичното гонење пред лицето на правдата.

## 6.1. Причини

Како што погоре наведовме, трговијата со луѓе е високопрофитабилно кривично дело кое се заснова врз принципите на понуда и побарувачка, и кое искористува една серија на фактоти на принуда и привлекување во земјите на потекло и дестинација. Сето ова, претставено на поедноставен начин се објаснува со тезата дека кривичното дело функционира затоа што трите клучни елементи се среќаваат во исто време. Тоа се:[51]

- постојано снабдување со жртви во рамките на земјите на потекло;
- постојана и растечка побарувачка за условите на жртвите во земјите на дестинација;
- криминалната експлоатација на овие два фактори од страна на меѓународните организирани криминалци.

## 6.2. Фактори на принуда

Трговијата сама по себе не може да функционира без снабдувањето на жртви со цел да се задоволи побарувачката во земјите на дестинација. За разлика од случаите на оние жртви кои се присилно грабнати и тргувани, отворената понуда на жртви кои сакаат да ги напуштат своите домови во очекување на подобар живот продолжува да постои. Тоа постои и покрај суштествената вредност и влијание на информативните кампањи кои се насочени кон жртвите и кои се спроведени во многу земји со цел да се предупредат потенцијалните жртви за ризиците на кои тие се изложен кога се согласуваат со предлозите на трговците. Поради тоа, за да се разбере феноменот важно е да се земе во предвид основниот асортиман на факторите на принуда и повлекување кој продолжува да ја создава понудата. Тие основни фактори се:[52]

- сиромаштија;
- недоволно образование;
- невработеност;
- родова дискриминација;

---

[51] *Причини и последици од трговија со луѓе,* http://www.lastrada.org.mk/content.asp?id=54
[52] Ibid.

- семејно насилство;
- живот во нарушени семејства;
- последици од конфликт или транзиција во земјите;
- недоволни можности за легална миграција и недоволни алтернативи.

Карактеристично е тоа што историјата на поголемиот број на жртви е онаа на сиромаштијата од која често не може да се побегне затоа што за нив не постои изводлива алтернатива. Можноста за нив, да се побегне од секојдневната сиромаштија и да се подобри состојбата е значително ограничена од страна на комбинацијата на недоволно адекватно образование, надополнето со недоволни можности за вработување во рамките на економиите во депресија, каде што стапките на невработеност се постојано високи. Сепак, како спротивставување на ова, исто така е важно да се забележи дека во определени земји, особено во оние од земјите на бившиот Советски Сојуз, најголемиот број жртви во ризик можат да бидат високо образовани млади жени кои подлегнуваат на лажните можности за да се оствари профитабилна кариера која е адекватна на нивното ниво на образование и квалификации. Исто така, треба да се забележи дека до помал степен овие фактори исто така важат и за високо образовани мажи.

На глобално ниво, се верува дека најголемиот број на жртви на трговија се жени и девојки, и влијанието на родова дискриминација во рамките на феноменот на трговија не може да се процени, и истиот игра клучна улога во создавањето на ланец на понуда. Притоа важно е да се разбере самиот израз родова дискриминација и да се направи разлика помеѓу зборовите пол и род. Пол се однесува на биолошките разлики помеѓу мажите и жените, а род ги опишува улогите кои секој посебно ги исполнува.

Во рамките на земјите на потекло жените согледуваат дека има помалку можности за образование и вработување и истите се дискриминирани на пазарот на трудот каде пристапот може да биде ограничен поради патријахалната филозофија која бара мажите да заработуваат, а домот да биде место за жените, па притоа и поголема е веројатноста жените први да бидат отпуштени од работа, особено во времиња на економски потешкотии и истите можат да немаат пристап до основниот закон за заштита при вработување. Со оваа филозофија се дејствува на тоа жените своите алтернативни можности да ги бараат во

нерегулирана или неформална, односно сива економија, а тоа ја зголемува можноста за тие да станат предмет на трговија со луѓе.

Во социјална смисла жените секогаш се сфаќаат како подредени и како со помала вредност во однос на мажите. Токму овај фактор комбиниран со ограничениот пристап кон можностите за вработување, придонесува кон феинизација на сиромаштијата која може да се идентификува во многу региони во светот. Исто така и семејното насилство и живеењето во нарушени семејства е фактор што дејствува врз дизкриминација на жените и децата и ги прави поранлива група при трговија со луѓе. Многу жртви доаѓаат од средини каде постојаната примена на семејно физичко насилство или злоупотреба како домашни слуги од страна на родителите или партнерите дејствува како значаен мотив за желбата да го напуштат својот дом.

Општиот недостаток на можности за легално мигрирање кои и се дотапни на стереотипната жртва на трговија е последниот фактор во сплетот на фактори на принуда на жртвите кој го поддржува ланецот на понуда. Пристапот до легална миграција е обично ограничен за оние кои имаат професионални квалификации и за кои постои побарувачка во земјите на дестинација, а ова ефективно го исклучува големиот број на потенцијални жртви на трговија со луѓе кои ретко имаат такви вештини. Тоа истите ги остава со малку други алтернативи, и како резултат на тоа ги истражуваат каналите за нелегално мигрирање кои најчесто се под контрола на трговците. Токму отсуството на било каква пристапна форма на возможна или законска алтернатива ја создава и поддржува постојаната достапност до жртви.

Сите горенаведени фактори не се однесуваат само на жени и девојки, некои се важни и за мажи и момчиња кои се карактеризираат како ранливи членови на ланецот на набавка. Младите мажи и момчињата исто така ги трпат последиците и недостатокот на можноста за образование и од злоупотреба од дисфункционално семејство.

### 6.3. Фактори на привлекување

Факторите на привлекување постојат во земји на потекло и дестинација и ја отсликуваат економската реалност на понудата и побарувачката за кривичното дело трговија со луѓе. Во земјите на потекло комбинацијата на факторите на принуда и на

привлекување кои ја создаваат понудата на жртви е засилена со повеќе фактори на привлекување, кои ги привлекуваат ранливите жртви во процесот. Тоа се:

- очекување на вработување и финансиска добивка;
- очекување на подобрување на материјалната ситуација и подобар начин на живот;
- пристап до луксузниот начин на живот во индустријализираните земји и верување дека тоа ја нуди единствената алтернатива за непрекината сиромаштија, и покрај ризиците кои насекаде се објавуваат.

Во земјите на дестинација факторите на создавање привлечност и принуда се карактеризираат со економичноста на побарувачката на клиентите и профитабилноиста. Постои зголемена пазарна вредност и профитабилност која произлегува од експлоатацијата на жртвите на трговија затоа што елементот на принудна експлоатација, кој е неразделен дел на кривичното дело трговија, значи дека жртвите се присилуваат да поднесуваат услови кои домашното население не би ги прифатило, како на пример да даваат поопасни и профитабилни услуги и да работат за многу мали надоместоци или без нив.

На поедноставен начин кажано, независно од целта на експлоатација, за услугите на жртвите на трговија продолжува да има побарувачка од следниве причини: тие ги задоволуваат потребите на клиентите кои ги експлоатираат, присилени се да прифатат и неприфатливи работни услови и услови за живот, полесно се контролираат, поевтино се раководат и заработуваат повеќе за трговците.

### 6.4. Методи на трговијта

Особено важно да се каже за методологијата, е фактот што таа никогаш не мирува. Додека основните принципи на понудата и побарувачката остануваат исти, начинот на работење постојано еволуира со цел да одржува чекор со новите услови. Трговците редовно ги менуваат своите методи како одговор на условите кои се менуваат, како на пример промените во побарувачката на клиентите, или како одговор кон измените во тактиките за спроведување на законот. Исто така потребно е да се каже дека не е неопходно жртвите да ја преминат границата за кривичното дело да биде комплетно. Додека најголемиот дел на

кривични дела трговија се извршува во меѓународен контекст, исто така расте и внатрешната трговија, особено во земјите чии економии се во транзиција, каде постои приметлив тренд на трговија со жртви од рурални во урбани области, со цел да се задоволи побарувачката во рамките на пазарите за сексуални услуги и пазарите за илегално вработување. Уште една работа која треба да се забележи е големото глобално ниво на криминал и капацитетот на трговците да одговараат на побарувачката низ континентите. Основната структура на трговијата засега е стабилна и се состои од три фази:

1. **<u>Регрутирање</u>**

Во фазата на регрутирање постојат многу локални варијанти но четири се сметаат за основни методи.

***Грабнувањето или присилно регрутирање*** претставува регрутирање во најширока смисла на снабдување со лица за задоволување на побарувачката. Во овој случај елементот на избор жртвите го немаат, а немаат ниту можност да даваат предлози на оној кој ги регрутира.

***Целосно измамнилчка регрутација*** постои кога жртвите се залажуваат со ветувања за вработување и финансиски добивки, а целосно се измамени од страна на трговците во однос на вистинската ситуација, и притоа жртвите веруваат дека ќе бидат вработени во легална дејност.

***Делумно измамничка регрутација*** постои кога жртвите се свесни за природата на работата која треба да ја работат, но се измамуваат за условите за работа и за дневници, а може и за двете.

Една од клучните карактеристики на пгоцесот на регрутација е ***„должничко врзување“***. Трговците ја искористуваат реалноста дека поголем број жртви на трговија немаат средства да ги финансираат своите аранжмани за патување, со тоа што се согласуваат да им ги позајмат тие средства однапред, врз основа на тоа дека жртвите ќе им го вратат долгот од парите кои ќе бидат заработени во земјата на дестинација. Должничкото врзување е обично висок износ кој достигнува илјадници долари што на ниту еден начин не е ни блиску со вистинските трошоци на трговците. Жртвите на трговија исто така можат да се најдат како предмет на должничко врзување како резултат на нивната продажба на трети лица пред кои тие се обврзани да ја вратат нивната сопствена цена по која биле купени.

Дури и во случаите кога жртвите биле присилно грабнати и транспортирани можат да се најдат во ситуација да бидат експлоатирани против нивна волја со цел да ги вратат парите кои трговецот ги потрошил кога ги купил од првичниот грабнувач.

## 2. Транспорт

Транспортот е клучен елемент на кривичното дело трговија со луѓе, односно жртвата мора да биде транспортирана од едно место на друго, а притоа не мора да значи дека таа треба да биде транспортирана преку државна граница. Пренесувањето на жртвите од местото на потекло на друго место им овозможува на трговците оттргнување на жртвата од нејзината основна средина и познато опкружување и придонесува за поголема контрола врз нив.[53] Според својот транснационален формат, трговијата се состои од две фази почнувајќи од земјите на потекло до земјите на дестинација. Жртвите можат да се транспортираат внатрешно без да бидат приметени, и прифатени во обезбедени куќи пред да бидат тргувани надвор од земјата директно до земјата во која тие ќе бидат присилувани и експлоатирани. Методот на транспорт исто така се разликува според начините на оперирање. Во некои случаи на внатрешна трговија нема да бидат потребн документи, а транспортот може да биде пеш, со автомобил или со јавен транспорт. Во случаите на транснационална трговија, во рамките на еден регион, жртвите можат прикриено да бидат прокриумчарени од една земја во друга, често без никаква документација. Тие можат да патуваат заедно со други жртви или можат да бидат дел од поголема група која вклучува нелегални мигранти кои се предмет на криумчарење во друга земја. Жртвите можат едноставно да бидат сокриени во тајни комори за таква намена, во бродови или во возила, или да бидат сокриени во задните делови на камиони или комби возила. Спротивно од ова, многу жртви патуваат неприкриени, користејќи ги своите вистински документи за идентификација кои содржат неисправна визна документација или истите се снабдени со украдени или фалсификувани документи за таа цел. Најчести превозни средства покрај другите се копнените превозни средства поради флексибилноста за смена на рутата доколку се јави таква потреба, а за разлика од тоа водниот или воздушниот транспорт не ја нуди истата флексибилност. Во

[53] *Процесот на трговија со луѓе*, http://www.lastrada.org.mk/content.asp?id=53 [2013]

текот на транспортот тие се придружувани од нивни членови наречени „мазги“, кои се искусни непрекриено да поминуваат преку местата на аеродромите и границите каде се вршат проверки. Притоа документите останувaат во трговците освен кога тие треба да се покажат на местата каде се врши контрола.

Додека активно соработуваат со трговците во таа фаза, жртвите не треба да се сметаат како соучесници во кривично дело бидејќи нелегалниот влез се јавува како директна последица на нивната ситуација во која се наоѓаат како жртви на трговија, односно жртвте соработуваат со трговецот бидејќи тоа го сметаат за неопходно со цел да дојдат до подобар живот. Маршутите на трговија се насочуваат според потребата, односно според побарувачката, со што функционираат на три нивоа и тоа:

- внатрешно, каде што жртвите обично се пренесуваат од осиромашени рурални области за да задоволат побарувачка во главните или поголемите градови;
- регионално, каде што жртвите се пренесуваат транснационално во рамките на одреден глобален регион, при што се тргува само во земјата или може да се тргува во повеќе земји во рамките на еден регион;
- меѓу-континентално каде што жртвите се тргуваат надвор од нивниот регион.

Во својата вообичаена форма тоа значи движење од помалку развиени земји до побогатите земји или дестинации.

### 3. <u>Експлоатација</u>

Оваа фаза започнува веднаш по пристигнувањето во крајната дестинација. Поголем избор на активнсоти на експлоатација се пропишани со Палермо протоколот на Обединетите Нации за трговија со луѓе, особено за трговија со жени и деца. Тие се:

- проституција;
- други форми на сексуална експлоатација;
- принудна работа или услуги;
- робување или пракси слични на робување;
- слугување;
- отстранување на органи.

Најшироко распростанета е проституцијата и другите форми на сексуална експлоатација, како што се комерцијална продукција на порнографија, прислилен брак или сексуално слугување. Сексуалнта експлоатација во рамките на секс индустриите кои цветаат во побогатите земји и земјите во развој овозможува огромен профит на трговците. Една жртва на трговија која се експлоатира како проститутка може да заработи повеќе во една трансакција со еден клиент, отколку што еден експлоатиран присилен работник може да заработи во цела работна недела. Згора на ова, со оглед на способноста на трговците да го сокријат присуството на жртвите од прогонот на органите надлежни за спроведување на законот, сексуалната експлоатација може да биде продолжена со месеци, а понекогаш и години, што за една жртва значи дека таа може да заработи стотици илјади долари за трговецот од што таа ќе добие малку или ништо. Жртвите ќе бидат експлоатирани и одблиску набљудувани во различни сценарија: улична проституција, барови, клубови со хостеси, куќи за масажа и сауна, приватни куќи и станови. На жртвите притоа ќе им биде дозволена многу мала слобода за движење или дружење, а принудната компонента на работата ќе биде засилена со тоа што оперативците на трговијата одблиску ќе ги надгледуваат. Најопасниот аспект на овој вид експлоатација е што од многу жртви се бара да пружат сексуални услуги без заштита, што ги прави особено подложни на инфекции од сите видови на сексуално преносливи болести вклучувајќи и ХИВ/СИДА.

Постојат две клучни работи кои треба да се забележат во рамките на овие цели на експлоатација:

- Работата е принудна, жртвите немаат избор во однос на тоа дали да работат или не, односно тие немаат право на никаков избор;
- Искуството со различните случаи покажува дека овие форми исто така често ќе вклучат физичка и сексуална злоупотреба и покрај експлоатацијата на трудот.

Исто така важно е да се спомене дека во последно време трговијата со органи зема голем замав, односно голем број на случаи вклучуваат продажба и трговија со бубрези.

# 7. ПОЕДИНЦИТЕ И КРИМИНАЛНИТЕ ГРУПИ ВКЛУЧЕНИ ВО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

И покрај фактот дека со многубројните спроведени акции од страна на надлежните органи се притворени бројни трговци со луѓе, сепак оние кои се уапсени, всушност, претставуваат само врв на замрзнатиот брег, бидејќи со организацијата на трговијата со луѓе се занимава цел еден добро организиран тим од меѓународни размери, најчесто под раководство на самиот врв од организираниот криминал.

Имајќи го ова во вид, се наметнува прашањето кои се поединците и криминалните групи кои се вклучени во ланецот на трговијата со луѓе, каква е нивната организација и дали и на кој начин се поврзани со другите облици на организиран криминал, од една, и со легалните актери, од друга страна. [54]

## 7.1 Поединците вклучени во ланецот на трговија со луѓе

И покрај тоа што е тешко да се даде генерална слика за трговците со луѓе, односно иако не постои типичен профил и дека тоа можат да бидат лица со различна возраст, националност и државјанство, сепак, врз основа на сознанијата, трговци со луѓе се најчесто се мажи на средна возраст (помеѓу 30 и 50 години), сопственици на локали, барови и други угостителски објекти во кои се држат или експлоатираат жртвите, потоа, сопственици на транспортни фирми, таксисти и слично. Посредници, односно лица кои префрлаат, купуваат и ги продаваат жртвите се главно млади луѓе кои обично веќе имаат криминално досие.

Меѓутоа, помеѓу трговците (посебно кога се работи за трговија со жни) се појавуваат и жени, и тоа главно како намамувачи и помагачи, организатори на работата, префрлање преку граница, или пак, како лица кои го обавуваат техничкиот дел од работата (обезбедување лажни документи, барање на локации за сместување и слично). Како

[54] Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 154.

намамувачки, во случаите на трговија со жени, често се појавуваат другарки, познанички, жени кои веќе биле вклучени во ланецот на тргоија, поранешни проститутки...

Во ланецот на трговија, жените имаат и улога на чувари во становите, куќите, викендиците во кои, пред сè, се доведуваат жените – жртви на трговијата и се задржуваат додека не се продадат понатаму.

Во улога на намамувачи се појавуваат и брачни парови, агенции (за манекени, фотомодели, избори за убавици, туристички агенции), па дури и спортки клубови и некои фирми, додека во помал број случаи тоа се познаници или пријатели, роднини, родители...

Кога се работи за деца како жртви на трговија, во улога на намамувачи се појавуваат и родители, потоа познаници, странци кои се запознаваат во дискотеките или пред училиштата, другарки или пак, вработени во различни агенции за манекени, фотомодели или туристички агенции.

Намамувачите главно се државјани на земјата на потекло на самите жртви.

Во улога на трговци со машки мигранти најчесто се појавуваат туристички агенции, агенции за барање работа во странство, претприемачи во областа на градежништвото, роднини, комшии познаници...Интересно е да се напомене дека некои од овие туристички агенции многу успешно се предводени од страна на жени кои се покажале како добри организаторки на криумчарење луѓе.

Следни во ланецот на трговија со луѓе се оние кои ги префрлуваат или превезуваат жртвите преку граница. Тоа можат да бидат поединци, но и организации кои се занимаваат со превоз на патници. Поединците кои се ангажираат за трансфер и транспорт на жртвите ќесто не знаат за кого работат, кој сè е вклучен во ланецот на трговија, а понекогаш не се ни свесни дека станува збор за трговија со луѓе.

Меѓутоа, во превезувањето на жртвите на трговијата најчесто се вклучени и поедини патнички агенции, чии сопственици се свесни за фактот дека се работи за илегално преминување на границите. Покрај тоа, постојат и групи кои се занимаваат со префрлање на жртвите преку граница.

На крајот од ланецот на трговијата со луѓе се оние кои ги купуваат жртвите, ги експлоатираат, а потоа ги продаваат понатаму. Тоа се најчесто сопственици на барови,

ноќни клубови, јавни куќи и други угостителски објекти (посебно кога се работи за трговија со жени). [55]

### 7.2 Организација на криминалните групи

Трговијата со луѓе е повеќеслоен, комплексен и динамичен општествен феномен, чија невидливост, мобилност и организираност во меѓународни размери го зголемува степенот на сериозност и опасност од овој вид криминалитет. [56]

Најзастапени облици на организација на криминалните групи се:

- Организација по принципот на мрежа;
- Организација со строга хиерархија, односно по принципот на пирамида; и
- Ад - хок организација.

Криминлните организации кои се вклучени во трговијата со луѓе најчесто функционираат по принципот на мрежа – нема хиерархија, неструктуирани се и затоа многу тешко се откриваат. Меѓутоа, некои автори сметаат дека се работи за организации кај кои нема цврста организација, туку делуваат според принципот ад-хок деловна соработка, од случај до случај. Третата група автори ја сочинуваат оние кои сметаат дека трговците со луѓе се добро организирани, меѓусебно поврзани, а самата организација има јасна, прецизна и сложена структура. Имено, се работи за криминални организации со строга хиерархија и јасно поделени работи, односно функционираат по принципот на пирамида.

Во таа смисла, на чело на организацијата е „шеф“ (boss), кој е главен организатор на работата и воедно остварува најголема заработка. Под него се сите останати кои работат за него, и тоа: оние кои ги врбуваат жртвите во земјата на потекло, потоа оние кои ги префрлуваат и превезуваат жртвите, па оние кои ги одбираат жртвите, ги купуваат и продаваат, преговараат (со полицијата, судиите и сл.). следуваат оние кои фалсификуваат документи, повикувачки писма, печати, потписи, односно оние кои ги набавуваат фалсификуваните документи, ги сокриваат жртвите и ги чуваат, за на крај да се дојде до

---

[55] Исто, стр. 155 – 158.

[56] Zamfiresku D.G – *Harmonizacija nacionalnih zakonodavstava sa standardima Unije u vezi sa trgovinom ljudima;* во Krijumčarenje ljudi – krijumčarenje žena i dece; Centar za unapređenje pravnih studija, Ministarstvo unutrašnjih poslova Rumunije i Centar za pravna pitanja; Beograd, 2001; стр. 15.

оние кои ги експлоатираат жртвите (сопственици на ноќни барови, јавни куќи и други слични објекти). [57]

### 7.3 Поврзаност на трговијата со луѓе и другите облици на организиран криминал

Помеѓу трговијата со луѓе и другите облици на организиран криминал постојат врски, односно криминалните групи и поединците се меѓусебно поврзани и добро организирани. За тоа професорот од правниот факултет во Београд – Ѓорѓе Игњатович вели: „тие врски се сосема сигурно, непосредни. Трговијата со луѓе е облик на организиран криминал и таа мора да се обавува со користење на канали, врски и методи карактеристични воопшто за „работењето“ во доменот на организираниот криминал и илегалниот пазар на стоки и услуги“.

Соработка постои, но исто така постои и специјализација за занимавање со еден облик на организиран криминалитет, така да криминалните групи не си навлегуваат едни на други во интересните сфери.

Истражувањата покажуваат дека трговијата со луѓе најчесто е поврзана со трговијата со наркотици, оружје, крадени возила, проституција, фалсификување документи, трговија со цигари, криумчарење луѓе, трговија со органи и воени злосторства. [58]

### 7.4 Врската помеѓу трговијата со луѓе и легалните актери

Трговијата со луѓе претставува облик на организиран криминалитет, кој, посебно во современото општество, се карактеризира со професионализација, флексибилност и наслонување на лица надвор од организациите (бизнисмени, политичари и бирократи). [59]

---

[57] Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 158 – 160.

[58] Исто, стр. 160 – 162.

[59] Nikolić – Ristanović V – *Trgovina ljudima i organizovani kriminalitet: određenje osnovnih pojmova i metode prikupljanja podataka;* во Nikolić – Ristanović V, Ćopić S, Mihić B – Trgovina ljudima: pojam, karakteristike i pravna regulativa; Institut za kriminološka i sociološka istraživanja; Beograd, 2003; стр. 5.

Факт е дека врска помеѓу трговијата со луѓе и легалните актери постои, бидејќи без неа трговијата со луѓе не би можела да се одвива (посебно не во олкав обем). Врски и соработка постојат како со државните структури, т.е. одредени државни органи, така и со останатите легални актери. Кога е во прашање врската со државните органи, најчесто постои поврзаност помеѓу трговците со луѓе и полицијата, што всушност, претставува една од причините за неоткривање на трговците со луѓе. Понатаму, тука се врските со царината и следуваат врските со различните агенции, на пример, агенциите за недвижности, фотомодели, манекени, туристичките агенции, потоа со спортските клубови, естрадата, фолклорните ансамбли, превозниците и слично, преку кои жените главно се врбуваат, односно преку кои жените главно се врбуваат, односно преку кои се обезбедуваат различни документи, потврди и друго и се обавува превоз до одредена дестинација. [60]

# 8. НАЧИНИ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ОЦЕНА НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ДЕЛУВАЊЕ ВО ВРСКА СО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ

## 8.1 Механизми на делување на државните органи

Анализата на делување на државните органи во врска со трговијата со луѓе се однесува на работата на полицијата, правосудните органи и центрите за социјални работи и тоа поврзано за откривањето, докажувањето, заштитата и реинтеграцијата на жртвите. [61]

### 8.1.1 Делување на полицијата во откривањето и собирањето докази за трговија со луѓе

Во делувањето на полицијата во насока на откривањето на трговијата со луѓе се присутни како реактивниот, така и проактивниот пристап, при што се воочува дека во

[60] Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 162 – 165.

[61] Исто, стр. 167.

последно време преовладува проактивниот пристап. Исто така, доаѓа и до промена во насоките на третирање на жртвите на трговијата со луѓе во согласност со заштитата на нивните човекови права. Тоа значи дека жртвите сè почесто се третираат како жртви, а не како што беше случај претходно, сторители на прекршоци од Законот за јавен ред и мир (проституција), Законот за движење и престој на странци (недозволен престој) и Законот за работни односи (работа „на црно“).

Проактивниот пристап подразбира иницијатива од страна на полицијата, која се огледува во оперативната работа на собирањето на информации и реагирање врз основа на тие информации, по пат на контрола на објектите за кои постои сомнеж дека во нив се врши кривичното дело трговија со луѓе, апсење на сторителите, апсење и/или ослободување на жртвите, затварање на баровите и другите локали, засилена контрола на границите, односно на лицата кои ги преминуваат границите, посебно децата, без оглед на тоа дали патуваат сами или со придружба на возрасни и слично.

Проактивниот пристап подразбира и други облици на активно делување на полицијата во насока на откривање на ова кривично дело. Покрај проактивниот, полиција користи и реактивен пристап, кој се состои во реагирање врз основа на пријави од страна на жртвите, пријави од страна на граѓани, ноти од странски амбасади и слично. Овој пристап долго време беше основен пристап во откривањето на трговијата со луѓе и како таков не ги земаше во предвид специфичностите на овој вид на криминалитет, кои пред сè, се огледуваат во исклучително тешката и незаштитена позиција на жртвите, но и на нивните блиски, на останатите граѓани, па така и на исклучителното ниско ниво на неговото пријавување. Делумно и заради доминантноста на таквиот пристап, бројот на идентификувани случаи на трговија со луѓе долго време беше исклучително низок. Сепак, се има впечаток дека и понатаму еден дел од стручњаците не ја воочуваат неопходноста од проактивниот пристап во откривањето на трговијата со луѓе, со оглед на тоа што сметаат дека непријавувањето на трговијата со луѓе од страна на жртвите, е основниот проблем во врска со откривањето.

Врз промената на пристапот на полицијата во откривањето на трговијата со луѓе влијаат едукациите во таа насока, како и едукациите во насока на препознавање на жртвите, но и промените во законите и вклучувањето на полицијата во ргионалните акции фокусирани на откривањето на трговијата со луѓе.

Кога е во прашање промената во однос на третирањето на жртвите, таа пред сѐ, се огледува во нивното казнување со парични, наместо со затворски казни или во отсуството на казнување и овозможување на привремен престој, односно одложување на депортацијата. Исто така, се воочува и тенденцијата на полиберален однос спрема жртвите на криумчарењето, на кои наместо кривични, им се изрекуваат прекршочни санкции. Меѓутоа, иако постои тренд кон сѐ почесто постапување на овој начин, изгледа дека сѐ уште има доста случаи на прекршочно казнување на жртвите кои најпрвин заминуваат на издржување казна затвор, а потоа се депортираат во своите земји.

Отсуството на јасни законски решенија влијае врз опстојувањето на лошата пракса, односно неизедначеност во постапувањето на државните органи.

И покрај јасниот позитивен тренд во насока на поголемо откривање на трговијата со луѓе, сѐ уште можат да се идентификуваат цела низа на проблеми кои претставуваат препрека на поголемата ефикасност во откривањето и докажувањето.

Идентификуваните проблеми можат да се сврстат во четири групи, и тоа:

1) Материјални, кадровски и организациски проблеми;
2) Проблеми кои произлегуваат од самата природа на овој облик на криминалитет;
3) Пошироките општествени (системски) и регионални проблеми; и
4) Проблеми во врска со пријавувањето.

| **Материјални, кадровски и организациски проблеми на полицијата** | **Проблеми кои произлегуваат од природата на трговијата со луѓе** | **Системски и регионални проблеми** | **Проблеми поврзани со пријавувањето** |
|---|---|---|---|
| Неадекватна материјално- | Високо ниво на организираност и | Политички притисоци | Непријавување од страна на жртвите и граѓаните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| техничка опременост | мобилност на извршителите | | |
| Мал број луѓе | Проблем да се дојде до првиот човек во ланецот | Тешкотии во контролирањето на граничните премини | Спречување на луѓето од невладините организации да ги објават информациите кои би помогнале во разоткривањето на сторителите |
| Отсуство на специјализирани единици | Добра маскираност на овој криминалитет/привид на легалност | Законски ограничувања | |
| Лоша материјална положба на полицијата | | | |
| Корупција | | | |
| Поврзаност на полицијата, царината и вработените во другите државни институции, со трговците со луѓе | | | |
| Незнаење и предрасуди за жртвите | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Недоволна меѓународна соработка во откривањето | | | |
| Отсуство на искуства во примената на специјалните истражни техники и нивното користење како докази | | | |

**Табела број 1 – Проблеми во откривањето на трговијата со луѓе**

Извор: Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 168 – 173.

Како што се гледа од табелата, најголемиот број од идентификуваните проблеми во врска со откривањето на трговијата со луѓе произлегува од проблемите поврзани со функционирањето на државните органи, посебно полицијата. Исто така, најголем дел од проблемите во функционирањето на полицијата се однесува на проблемите

во внатрешната организација и контрола, како и на материјалните и кадровските проблеми. Надворешните проблеми, посебно оние кои се однесуваат на природата на самото кривично дело и непријавувањето, се застапени во далеку помала мерка.

Помеѓу проблемите во откривањето на трговијата со луѓе, најзастапени се проблемите кои се однесуваат на слабата материјално-техничка опременост на полицијата, тешкотиите во контролирањето на границите и посебно, на поврзаноста на полицијата со криминалците и политичките притисоци врз полицијата.

Неадекватната материјално-техничка опременост на полицијата е несоодветна во однос на добрата техничка опременот на криминалците, додека лошата

материјална положба на полицијата се доведува во непосредна врска со нејзината подложност на корупција.

Значајни препреки во откривањето се и поврзаноста на трговците со луѓе со полицијатам царината и вработените во другите државни институции, како и политичките притисоци.

Покрај системските, материјалните и внатрешните проблеми на полицијата, како значајни проблеми се истакнуваат и проблемите поврзани за сложеноста и исклучителната мобилност и прилагодливост на сторителите на овој вид на криминалитет. Во тој поглед, посебно се укажува на проблемите да се дојде до првиот човек во ланецот, бидејќи ниту жртвата, ниту оние кои се на крајот наланецот (намамувачите, возачите и сл.), а кои е полесно да се уапсат, често не знаат кој е тој. Покрај тоа, околностите дека станува збор за криминалитет кој е добро маскиран со привидот на легалноста, како и ограничените овластувања на полицијата во поглед на влезот во просториите во кои се наоѓаат жртвите и често недобивањето на одобрение од судовите за тоа, се воочуваат како значајни препреки за ефикасното откривање. [62]

Според Годишниот извештај за 2022 година на Министерството за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност од Одделот за криминалистичко разузнавањеи анализа трговијата со луѓе бележи пораст во споредба со изминатите две години. Стратистичките евиденции покажуваат дека во текот на Март и Јуни 20222 година регистрирани се два случаи на трговија со луѓе и тоа во првиот случај повеќе лица од женски пол, државјанки на повеќе држави вклучувајќи ја и С. Македонија при што сите биле принудувани на сексуална експлоатација од сопственик на угостителски објект каде што истите работеле, а во вториот случај жртвата е принудена на брак.

[62] Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 168 – 173.

| Година | Кривични дела | Сторители | Жртви |
|---|---|---|---|
| 2017 | 1 | 1 | 1 |
| 2018 | 10 | 16 | 5 |
| 2019 | 5 | 6 | 3 |
| 2020 | - | - | - |
| 2021 | - | - | - |
| 2022 | 7 | 13 | 5 |

Табеларен приказ бр. 2- Број на кривични дела трговија со луѓе

Извор: Годишен извештај 2022 Министерство за внатрешни работи. Биро за јавна безбедност, Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Бр.22.4-322/1 од 17.03.2023 година

### 8.1.2 Механизми на делување на другите државни органи – обвинителството и судството

Во поглед на делувањето на државните обвинителства и судовите, треба да се укаже на неколку клучни проблеми кои придонесуваат за неефикасноста во кривичното гонење и казнување на сторителите од една и ретрауматизацијата на жртвите, од друга страна. Најважните идентификувани проблеми се поврзани за:

- Бавноста, долгото траење и неефикасноста на кривичната постапка;
- Недостаток на докази;
- Корупција;
- Отсуство на соодветна заштита на сведоците во кривичната постапка;
- Слаба позиција на жртвите во кривичната постапка воопшто и јакнење на заштитата на правата на обвинетите за сметка на правата на жртвите;
- Отсуство на соработка и координација помеѓу полицијата и обвинителството при собирањето докази;
- Незнаења и предрасуди за жртвите;

- Недосудување на надомест за штетите на жртвата;
- Неупатеност во можноста за пружење помош и поддршка на жртвите од страна на невладините организации;
- Отсуство на јасно изразена волја за решавање на проблемот.

Можностите за бескрајно одложување на постапката и општата неефикасност на правосудството влијаат врз долгото траење на кривичната постапка во сите, па и во постапките кои се водат за трговијата со луѓе. Бавноста и долгото траење на постапката имаат директни негативни последици и врз шансите за докажување на кривичното дело и жртвите. Проблемот поврзан за сведочењето во постапката која долго трае е во тоа што жртвите сакаат да се вратат дома, или заради непостоењето на законски одредби за привремен престој, мораат да се врата дома. За потоа да сведочат, тие мора повторно да доаѓаат во земјата каде што им се суди, за што им се потребни многу пари. Но, се забележуваат напори во насока на скратување на траењето на постапката, односно напори постапката да заврши пред жртвите да ја напуштат земјата на судење.

Жртвите одбиваат да сведочат или ги менуваат исказите заради страв, бидејќи заштита на сведоците не постои. Тие се плашат од одмаздата од страна на исвршителите, нивните роднини, пријатели и соработници. Жртивите ретко ги товарат извршителите и докажувањето е отежнато заради фактот што обично нема материјални докази.

Понатаму, отсуството на соодветна помош и поддршка на жртвите се наведува како причина за нивната неподготвеност да сведочат. Проблематична е и соработката со Центрите за социјална работа. Лоша е и праксата кога полицијата, при рацијата во угостителските објекти, покрај девојките, да ги приведува и газдите, бидејќи со тоа жртвите при сослушувањето не смеат да ја кажат вистината.

Полицијата, во претходните периоди не успеваше да собере доволно докази, додека обвинителите, се незаинтересирани за овие случаи. Пракса на обвинителството е да не се појавува на увидите, односно на полицијата ѝ е препуштено собирањето на сите неопходни докази, па потоа обвинителст вото, при обработката проценува дека некој битен податок или доказ недостасува. Од овие причини, се укажува на потребата собирањето на доказите да биде поконкретно, работата уште во преткривичната постапка да се обави квалитетно, а улогата на обвинителите да биде поактивна, за да има ефекти во смисла на сузбивање на овој облик на криминалитет. Обвинителот треба да биде добро известен за оваа појава, за

да може на соодветен начин да ги наложува и да ги координира активностите на полицијата во рамките на преткривичната постапка. Ова значи дека судот во голема мерка е зависен од работата на другите државни органи, така што работата на судот е условена од работата на органите за откривање и гонење.

Позицијата на жртвата во кривичната постапка е слаба, при што посебно се истакнува отсуството на право на жалба и во праксата е присутно неостварување на правото на надомест на штета. Тоа е од посебна важност како фактор кој придонесува жртвите повторно да бидат виктимизирани и да не можат да остварат успешна рехабилитација кога ќе се вратат во земјата на потекло.

Во непосредна врска со ова е и целосно нерешеното прашање за реинтеграцијата на жртвите, како на домашните, така и на странските држвјани. Кога се во прашање домашните државјанки, како основен проблем се истакнува отсуството на јасно дефинирани обврски и одговорности на државните органи, посебно Центрите за социјална работа, како и отсуство на секаква грижа од страна на општеството за решавање на проблемите во кои се наоѓаат жртвите на трговијата.

За сите идентификувани проблеми заедничко е тоа што нивното постоење и нерешавање е причина за цела низа други проблеми, кои можат да се соберат во три основни проблеми:

- Неутврдување на потоењето на кривичното дело (проблем со докажувањето);
- Секундарна виктимизација;
- Ревиктимизација на жртвите – повторно запаѓање во ланецот на трговија.

Неосветлувањето и неотстранувањето на причините создава впечаток дека се наоѓаме во маѓепсан круг во кој, дури и кога полицијата одлично си го работи својот дел од работата, не е можно да се докаже постоењето на кривичното дело, и тоа – парадоксално, заради неадекватното однесување на самите жртви. Со избегнувањето да се направи видливо отсуството на систематските и структурните услови за соработка на жртвите, се создава нејасна и конфузна претстава за нив, пред сè за жените и девојчињата, што делува збунувачки врз јавното мислење. Ниту врзботените во правосудните органи не се имуни на предрасудите и конфузните и протибречните претстави за жртвите.

Кога наведените проблеми ќе се разгледаат во својата целокупност, тогаш станува јасно дака зад митот за наводната недоказливост на трговијата со луѓе и

„проблематичноста“ на самите жртви, всушност стои цела низа на лоши или несоодветни законски решенија, незнаење, предрасуди, системска неефикасност и неорганизираност, посебно на правосудството. Сето тоа заедно во добра мера е наслество од минатото време кое тешко се менува, на што треба да се додаде и транзициската брзоплетост, како и несистематското менување на законите. Бидејќи системските проблеми бараат системски решенија, јасно е дека законите и праксата поврзани за делувањето на државните обвинителства и судовите во областа на трговијата со луѓе мораат да се менуваат систематично и да се има во вид поврзаноста на поединечните и општите проблеми и интереси. [63]

### 8.1.3 Однос на државните органи кон проституцијата, просјачењето и работата „на црно“

Проституцијата, просјачењето, бездомништвото и работата „на црно“ се појави чие сузбивање е во тесна врска со сузбивањето на трговијата со луѓе.

Полицијата става поголем акцент на проституцијата и борејќи се против трговијата со луѓе, се бори и против проституцијата. Меѓутоа, од друга страна, се укажува и на претераната зависност во односите спрема проститувжцијата од моменталните државни интереси, како и на постоечките закони како препреки во одлучувањето за занимавање со оваа појава.

Се воочува и презафатеност на државните органи со други проблеми кои моментално се приоритетни, што доведува до недоволно занимавање со проблемот со проституцијата. Исто така, се воочува и отсуство на превентивни програми и воопшто, превентивно делување од страна на државните органи, како и пасивност од страна на социјалните служби во однос на детската проституција.

Оцената на односите на државните органи спрема просјачењето и бездомништвото се слични со оцените на односите спрема проституцијата и се движат од мислењето дека државните органи не работат ништо, преку оцените дека нивниот однос е несоодветен, па до мислењето дека тие го прават она што им го дозволува законот и

---

[63] Исто, стр. 173 – 177.

постоечките економски услови. Главно се укажува на прекршочното казнување и/или укинување на просјаците од улица и моментална социјална помош како мерки со привремен карактер кои најчесто се применуваат.

Од друга страна, се наведуваат и одредени конкретни акции на државните органи со цел згрижување на просјаците и бездомниците, како и заеднички акции на државните органи и невладините организации во насока на решавање на сè поизразените проблеми со таканаречените „деца од улица“. Истовремено се укажува и на кампањскиот карактер на овие акции и нивната директна поврзаност со сместувачките капацитети во установите за деца без родителска грижа и прифатилиштата. Имено, воочено е дека сместувачките капацитети на овие установи се целосно неадекватни на бројот на просјаци и бездомници, што има директно влијание врз спроведувањето, односно откажувањето на акциите за отстранување на овие лица од улиците.

Исто така, вниманието е насочено и кон целосното отсуство на апсења и казнувања за организаторите на просјачењето, иако полицијата има сознанија за тоа кој и како ги организира, но не се прави ништо за тоа да го реши. Односот од страна на државните органи само дополнително ги дискриминира просјаците, посебно Ромите, кои заради својата општествена исклученост го сочинуваат поголемиот дел од просјаците.

Понекогаш, се воочува и благонаклонет и потолерантен однос, како израз на немоќта во постоечките економски услови да се делува на поинаков начин. Како и кога се работи за проституцијата, се укажува на целосно отсуство на стратегија и координација, посебно кога се работи за децата од улица.

Поврзано со децата од улица, се укажува и на неспособноста на центрите за социјална работа да реагираат на соодветен начин. Во таа насока, нужна е нивна целосна трансформација.

Кога е во прашање односот на државните органи спрема работата „на црно“ може да се каже дека државните органи започнаа добри акции во насока на сузбивање на нелегалната работа, но има и случаи кога државните органи ја толерираат работата „на црно“.

Позитивен тренд во оваа насока се соодветните законски промени, како и зајакнатите инспекциски контроли, но има и цела низа на забелешки на работата на

државните органи, како што е отсуството на паралелни мерки на социјалната политика и можностите за легално вработување.

Одлучната борба против работата „на црно“ е од големо значење за откривањето на трговијата со луѓе. [64]

## 9. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА КРИВИЧНО ДЕЛО ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И МЕРКИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

### 9.1 Препознавање

До првиот контакт со потенцијалната жртва, односно оние кои веќе се жртви, се доаѓа откако плански ќе се сработи и со насочено ангажирање за спречување и сузбивање на кривичното дело трговија со луѓе на одредена територија, односно во кругот во кој систематски се прибираат и обработуваат податоци за поединци, групи кои се евидентирани како извршители на делото трговија со луѓе или некои сродни или поврзани кривични дела. Жртвата може да се пронајде и во текот на полициските ангажмани наменети за други цели, односно во текот на полициската работа која се однесува на соречување и сузбивање на други кривични дела или прекршоци, при вршење контрола на гранични премини, контрола врз странци, контрола на сообраќајот, контрола врз објекти и сл. за постоење на жртва и превземање активности во фазата на врбување, транспорт или експлоатација се дознава и од потенцијалните или веќе експлоатираните жртви, односно од други поединци или институции. За откривањето и спречувањето на потенцијалните жрви на трговија со луѓе, односно оние кои веќе се транспортирани на локации во земјата, или од тие локации се транспортирани во странство, мора да се земат во предвид и активностите што ги превземаат трговците, како што се менување на правец, начин на транспорт, заканувања, користење локални контакти, корумпирани припадниуци на службите за примена на законот и др. Неретко луѓето кои соработуваат со трговците кои во случајот се жртви, се уверени дека се на пат кон подобар живот, но исто така имаат и страв од макрото.

[64] Исто, стр. 177 – 181.

Околностите на кривичното дело трговија со луѓе, да и жртвите кои се вовлечени во трговијата и експлоатацијата, во голем број на случаи неволно остваруваат контакт и комуникација со полициските службеници, е една од најбитните алатки за откривање и гонење на криминалците.

Идентификувањето на жртвата допринесува за правецот на насочување на внимание на улсовите кои укажуваат на заплашување, ограничување на слободата, трагови и последици од насилство и експлоатација. За ситуацијата во која се наоѓа жртвата укажуваат одредени факти како што се: непоседување на лични документи за идентификација или се дадени од страна на друго лице, или се фалсификувани, потоа жртвата нелегални влегла и престојува во земјата, доаѓа од земја за која е познато дека претставува земја на потекло на лица на трговија со луѓе, не ја знае адресата на која живее или работи, се наоѓа во објекти кои имаат тајни излези и простории, не поседува неопходни работи како што се телефон, клучеви пари и сл., не го познава јазикот, објаснувањето заради што се наоѓа на определено место е нелогично, врз неа видливи се рани, или други траги на физички напад, избгенува разговор, се воздржува од разговор поради присуство на одредено лице итн. Овие се само дел од факторите кои можат да бидат индикации дека се работи за жртва на трговија со луѓе.

Борбата против трговијата со луѓе стана цел на многу актери кои се инволвирани во спречување на трговијата, одредување заштита и помош на жртвите, како и прогон на извршителите. Моќта да се спроведе национална легислатива, да се зајакне борбата против трговијата преку законодавните институции, да се истражат случаите на трговија со луѓе, да се овозможи помош на жртвите, ги поставува државните актери - парламентите, владите, безбедносните институции (посебно полицијата, граничната служба и службите за имиграција), правосудните системи, социјалните и здравствените служби, на фронтните линии на таа борба. Трговијата со луѓе напредува во регионите и земјите каде што институциите на безбедносниот сектор се нефункционални и ослабени од корупцијата.

Краткорочните мерки во подобрување на оперативниот потенцијал на институциите на безбедносниот сектор се видени преку овозможување на специјален тренинг и едукација на персоналот околу прашањата за трговија на луѓе; во меѓунационалната соработка на граничарите; во транспарентните политики за виза и имиграција; во блиската соработка на безбедносните институции со граѓанското општество; во имплементација на кодовите за

распоредување на воениот и цивилниот персонал во мировните мисии; во создавање специјални локални единици посветени исклучиво на борбата против трговија со луѓе (обид во кој би требало да бидат вклучени повеќе жени).

Без инвестирање во високо технолошка опрема за полицијата и граничната служба, овие цели не може да бидат постигнати. Успехот не е можен и без наметнување притисок врз безбедносниот сектор од страна на парламентите и владите за да се посвети поголемо внимание кон трговијата со луѓе.

Сегашната легална рамка примарно е претставена од Палермо протоколот за трговија (Palermo Protocol on Trafficking), Опцискиот протокол кон Конвенцијата на правата на децата (Optional Protocol to the Convention on the Rights of the Child), Конвенциите против незаконската работна сила (ILO conventions No. 92, 182), Актот за заштита на тргуваните жртви (U.S. Trafficking Victims Protection Act) и Бриселските декларации за трговија со човечки суштества на Европската унија (EU Brussels Declarations on trafficking in human beings). [65]

Република Македонија го потпиша Протоколот за превенција, спречување и

казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца на ООН, со којшто се дополнува Конвенцијата против меѓународниот организиран криминал, на 14 декември 2000 година. Во таа насока, Владата почна да презема практични мерки, како што се формирањето на Комисијата за спречување на трговијата со луѓе на 27 февруари 2001 година, а Националниот план за трговија со луѓе, беше службено објавен во февруари 2003 година. Според активностите на Националниот план во однос на легислативата, целта е да се осовремени националното законодавство со цел да се создаде законска основа за поефикасна борба против трговијата со луѓе преку измена и дополнување на казненото законодавство на Република Македонија. [66]

Потребата за реална процена на овој феномен и желбата за борба против него е дел од процесите за воспоставување и имплементирање на вистинска и успешна стратегија. Исто така, неопходна е специјализација на персоналот и соодветен тренинг на оние кои се

---

[65] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

[66] Неткова Б - Превенција на трговијата со жени и градење на мирот во Македонија; Фридрих Еберт; Скопје, 2004.

инволвирани во борбата против трговијата со луѓе, поделба на ресурсите, како и пронаоѓање подобри начини за регионална и меѓународна соработка. [67]

### 9.1.1 Учество на семинари и други форми на едукација за трговијата со луѓе

Знаењата за трговијата со луѓе, преку предавањата од страна на странски експерти и присуствата на меѓународни академски собири, ги стекнуваат научните работници и универазитетските професори, додека претставниците на државните органи, невладините организации и новинарите претежно учествуваат на разни тренинзи и семинари наменети за нивна обука.

Претставници од судството, вработени во центрите за социјална работа и полицијата, најчесто воопшто не се вклучени или сосема малку се вклучени во облиците на едукација за трговијата со луѓе.

Слабата вклученост на судиите и обвинителите во едукацијата за трговијата со луѓе е спротивна на потребите.

## 9.2 Мерки што треба да се превземат во борбата против трговијата со луѓе

Мерките кои би требало да се превземат заради надминување на проблемите на патот кон ефикасното спротивставување на проблемот со трговијата со луѓе можат да се групираат во три категории:

- Предлог – мерки за јакнење на ефикасноста на кривичноправната репресија;
- Предлог – мерки со цел унапредување на заштитата и поддршката на жртвите на трговијата со луѓе; и
- Предлог на мерки и активности во доменот на превентивно делување.

[67] Тања Милошевска – *Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе;* Филозофски факултет, Институт за одбрамбени и мировни студии.

### 9.2.1 Мерки за јакнење на ефикасноста на кривично – правната репресија на трговијата со луѓе

Во однос на видувањето на проблемот во функционирањето на репресивната кривично-правна контрола, мерките кои се предлагаат со цел подигнување на нејзината ефикасност би можеле да се поделат на мерки од општ карактер и мерки кои се однесуваат исклучиво на областа на докажувањето во постапките против сторителите на кривичното дело трговија со луѓе.

Како општи мерки за унапредување на ефикасноста на кривичноправната репресија кај трговијата со луѓе, се предлагаат:

- Јакнење на меѓусебната координација на државните органи – полицијата, обвинителството и судовите;
- Борба против корупција на полицијата, на царината и во другите државни служби;
- Јакнење на меѓународната, посебно регионалната соработка о борбата против транснационалниот криминал;
- Сензибилизирање, едукација и стручно усовршување на вработените во државните органи, пред сè во полицијата, обвинителството и судовите;
- Кадровско зајакнување и подобрување на кадровската структура на полицијата;
- Подигнување на техничката опременост на полицијата заради поуспешна контрола на државните граници и поефикасно откривање на кривичното дело трговија со луѓе;
- Специјализација на полициските тимови за борба против трговијата со луѓе.

Во склоп на мерките кои би ја унапределе репресивната формална контрола преку создавање на предуслови за поголема ефикасност во областа на докажувањето на кривичното дело трговија со луше, се предлагаат:

- Итност на постапувањето на органите за кривично гонење во случаите на трговија со луѓе;
- Поцелосно законско регулирање на заштитата на сведоците во постапката против сторителите на кривичното дело трговија со луѓе;
- Пружење поширока поддршка (правна, психолошка и материјална) и заштита на жртвите на трговијата со луѓе, со цел да се охрабрат за сведочење во кривичните постапки против сторителите;

- Проширување на соработката помеѓу државните органи и НВО во областа на поддршка и заштита на жртвите;
- Одложување на протерувњето (депортацијата) на странските државјани жртви на трговијата со луѓе кои сакаат да сведочат во кривичните постапки против сторителите;
- Активирање на нови мерки во пракса, кои се предвидени со Законот за кривична постапка (пружење симулирани деловни услуги, склопување симулирани прани работи, прикриени иследници, снимање и прислушкување);
- Создавање законски можности за проширување на спектарот на истражните техники.

Предуслов за успешна борба против трговијата со луѓе е промената на целокупниот однос на општеството, а посебно на државните органи спрема проблемот и самите жртви на трговијата со луѓе, каде што сè уште, има недозволиво многу неразбирања и предрасуди. Во тој контекст посебно се исткнува важноста од интензивна и добра соработка помеѓу државните органи, медиумите и невладиниот сектор, како единствен стратешки пристап кој може да даде резултати во спротивставувањето со многу тешкиот и специфичниот проблем каков што е трговијата со луѓе.

### 9.2.2 Мерки за превенција на трговијата со луѓе

Помеѓу превентивните мерки кои се предлагаат, апсолутно преовладуваат оние со генерално – превентивен карактер:

- Едукација на општата популација за ризиците кои доаѓаат со илегалните економски и други миграции;
- Заоштрување на законодавната казнена политика заради демотивирањр на потенцијалните сторители;
- Општи мерки на економсмката и социјалната политика;
- Сензибилизирање на јавноста за проблемот со трговијата со луѓе;
- Легализација на проституцијата.

Од мерките на превенција, предност им се дава на превентивните мерки кои би имале за цел едукација и помош за лицата кои припаѓаат на вулнерабилните категории за виктимизација со трговијата со луѓе. Во таа насока посебно се истакнуваат следните мерки:

- Едукација на адолесцентите и помладите девојки;
- Едукација на децата без родителска грижа и децата во установите за социјална заштита;
- Материјална и психолошка помош за лицата кои веќе биле жртви, заради спречување на повторна виктимизација.

### 9.2.3 Мерки за заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе

Мерките за заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе се неопходни како заради охрабрување на самите жртви и спречување на нивната секундарна виктимизација и ревиктимизација, така и заради ефикасноста на кривичноправната репресија на трговијата со луѓе, бидејќи жртвите се често единствените достапни извори на докази против сторителите. Предложените мерки со цел охрабрување на жртвите и спречување на нивната секударна и повторна виктимизација се следните:

- Итност на постапката во случаите на трогија со луѓе;
- Пружење правна, психолошка, медицинска и материјална помош за жртвите на трговијата со луѓе во текот на подготовките за сведочење во кривичната постапка;
- Максимално редуцирање на ситуациите во кои од жртвите на трговијата со цел сексуална експлоатација се земаат искази (како од страна на државните органи, така и од страна на невладините организации);
- Сензибилизирање и едукација на припадниците на полицијата, обвинителите и судиите во врска со специфичноста на виктимизацијата на трговијата со луѓе, поесебно жени, со цел сексуална експлоатација;
- Одложување на протерувањето (депортацијата) на жртвите доколку не е отстранета опасноста по нивната безбедност;
- Создавање законски претпоставки за адекватна заштита на жртвите од трговијата кои сакаат да сведочат во кривичните постапки (имплементирање на програма за заштита на сведоците);

- Отварање на државни згрижувалишта за жртвите и згрижувалишта „на пола пат“;
- Подигнување на квалитетот на стручната помош која им се пружа на жртвите од страна на невладините организации;
- Законско обврзување на државата за пружање психолошка, медицинска и материјална помош за жртвите, со цел за нивна ресоцијализација, без условување за сведочење во кривичната постапка;

Наведените мерки за заштита и поддршка на жртвите на трговијата со луѓе претежно ја обврзуваат државата ојa до сега, не покажуваше доволно сензибилитет, интерес и волја во овој домен. Односот на државата спрема жртвите на трговијата со луѓе е одраз на генералниот став на државата и општеството во целина, спрема овој проблем: имено, сосема е јасно дека без соработка со жртвите драстично е намалена можноста за борба против оој облик на криминал, апокрај тоа, низ односот спрема жртвите се отсликува и вистинското вреднување на добрата кои декларативно се штитат со кривичноправната норма. Заради тоа, предлозите во доменот на заштитата и поддршката на жртвите од трговијата се почесто на линијата за разбирање на овој однос како систематски проблем, отколку како „хуманитарно“ прашање.

Потребата за превземање на мерки за обезбедување на поголема заштита и поддршка за жртвите од трговијата со луѓе ја нагласува важноста од стратешки пристап и кооперативност на државниот и невладиниот сектор во овој домен. Сериозноста и специфичноста на проблемот бараат поопсежно, посистематско и поинтензивно ангажирање и соработка помеѓу различните државни фактори, за низ заштитата и поддршката на жртвите да се обезбеди иполнување на интересите како на самите жртви, така и на општеството, вклучувајќи ги и целите на кривичноправната репресија. [68]

[68] Vesna Nikolić – Ristanović, Sanja Ćopić, Sanja Milivojević, Biljana Simeunović – Patić, Biljana Mihić – *Trgovina ljudima u Srbiji;* Viktimološko društvo Srbije (VDS), Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju (OEBS); Beograd, 2004; стр. 181 – 213.

# 10. ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Проценката на ризикот во однос на трговијата со луѓе како кривично дело е еден комплексен процес и практичарите од сите мулти-дисциплинарни сектори на одговорот за борба против трговија, можат да бидат вклучени во него со различен степен. Органите надлежн за спроведување на законот ќе ја имаат основната одговорност во овој сегмент и истите треба да имаат работно искуство за проценка на ризикот во контекстот на делото трговија со луѓе. Сепак, со документираниот пораст на инфилтрацијата на програмите за помош на жртвите, се повеќе и повеќе персонал за борба против трговијата ќе станува предмет на процесот на проценка на ризик, и поради тоа потребата од работното познавање на процесот станува се порелевантно. Со цел да се олесни ова, процесот кој се состои од четири фази е изготвен за да се примени заедничката методологија во истиот.[69]

Првата работа која треба да се забележи е дека проценката на ризикот и управувањето со ризик можат само понекогаш да се засноваат врз основа на расположливите податоци во врска со еден случај, кои му се познати на службеникот кој има задача да ја врши проценката, во времето во кое проценката треба да се одвива. Дефинирањето на ризикот во контекст на кривичното дело трговија со луѓе, се однесува на постоење на закана на безбедноста или сигурноста на лицата, додека дефинирањето на проценката е процес во три фази кој почива врз фактите и околностите кои се познати во времето во кое се водат проценката на ризикот и процесот на управување со него.

***Првата фаза*** претставува идентификација и проценка на постоечките области на ризик. Врз основа на познатите факти и околностите во критичното време, треба да се идентификува и изврши проценка на следното:

- Кој е под ризик?
- Што е ризикот/ризиците?
- Кое е нивото на идентификуваниот ризик/ризици?
- Кои се последиците доколку идентификуваниот ризик се случи?

[69] *Krivičnopravni sistem i sudska praksa u oblasti borbe protiv trgovine ljudima u Srbiji*, http://www.ungift.org/doc/knowledgehub/resource-centre/Krivicnopravni_sistem-FIN_sa_koricama.pdf [2013]

Откако ќе се одговори на овие суштински прашања, следната фаза е да се одлучи за соодветно полициско дејствување, и притоа да се изготви план за управување со ризиците. Имајќи ја на ум комплексноста и чувствителноста на проценката на ризикот, од голема важност за самозаштита на службениците кои ја прават проценката е да водат детална евиденција на своите одлуки, информациите расположливи во времето на носењето на одлуките и на мисловниот процес што стоел зад нив. Оваа евиденција секогаш ќе содржи чувствителни податоци и мора да се чува во строго безбедни услови. Сите идентификувани жртви на трговија најверојатно ќе имаат голем број непосредни потреби: физичка безбедност, сигурно сместување, испитување и третман на нивното физичко, сексуално и психичко здравје и правно и социјално советување. Утврдувањето на ваквите потреби е интегрален дел на процесот, а обезбедувањето на пристап до поддршка е обврска што важи спрема сите жртви, без разлика дали тие соработуваат со полицијата или не.

Лицата кои можат да бидат под ризик се било кои лица идентификувани според расположливите факти или околности на случајот. Сепак во случаите на трговија со луѓе, кога се бара да се идентификуваат лицата под ризик, секогаш треба да се посветуива посебно внимание на:[70]

- Жртвата, односно жртвите на трговија чија што идентификација и забележување од страна на полицискиот службеник пројавува потреба за процес на проценка на ризик, било која жртва на трговија која останува под контрола и експлоатација на трговците, или било која потенцијална жртва која може набрзо да стане предмет на трговија со луѓе;
- Било кој член на семејството или сакано лице на било која од горенаведените категории на жртви;
- Персоналот од организациите за поддршка и помош на жртвите на трговијата;
- Било кои други лица идентификувани според расположливите факти за кои може да се смета дека се под ризик според околностите или по основ на предложениот полициски тек на активности;
- Истражни инспектори од единицата за борба против трговија и други службеници при органите надлежни за спроведување на законот.

[70] Ibid.

Особено е важно да се идентификуваат и да се земат во предвид факторите за ризик во однос на трите категории на жртви на трговијата. Во многу случаи идентификацијата и интервјуирањето на една жртва на трговија ќе обелодени тековна или планирана експлоатација на други жртви при што инспекторите мора да бидат во состојба да се справат со овие ризици.

Оперативното искуство и знаење за начините на извршување на делото од страна на трговците исто така покажува дека членовите на семејството или други сакани лица можат да се соочат со ризици и одмазди нанесени од страна на трговците, при што и овие ризици мора да се земат во предвид. Употребата на изразот „сакани лица" се користи намерно бидејќи е важно да не се заборави дека трговците ги насочуваат своите закани за одмазда кон лицето или лицата кои тие ги утврдиле дека на жртвите им се најважни затоа што тоа е клучната состојка од механизмот за контрола врз жртвитеиако во повеќето случаи, тоа лице/лица ќе биде член од потесното семејство на жртвата, сепак тоа секогаш и не е случај. На пример, во некои случаи  членовите на семејството на почеток ја продале жртвата, или во многу случаи, лицето кое на жртвата најмногу и значи нема да биде член на потесното семејство туку тетка, или братучед или многу близок пријател кој што трговците го идентификувале, а кој може поради тоа да биде под ризик. Слично на тоа, во зависност од околностите на случајот, со ризик можат да се соочуваат и работниците кои пружаат поддршка, инспекторите и со помал степен други службеници при органите надлежни за спроведување на законот. И оваа можност не треба никогаш да се занемарува или минимизира. Како што истрагите почнуваат да се насочуваат кон повисоко ниво, кон организирани мрежи на трговија, овие ризици стануваат позначителни. Исто така, важно е да се земе во предвид и друго лице кое според фактите и околностите на случајот може да се идентификува и како резултат на тоа може да се соочи со ризик или може да се стави под ризик со акцијата која полицијата или било која друга агенција има намера да ја превземе. На пример, ова би можело да вклучи клиент на една жртва на сексуална експлоатација кој и помогнал на жртвата да избега од борделот. Алтернативно, доколку текот на полициската акција е да се изврши рација на местото на експлоатацијата, тој може да се подложи на ризикот да се идентификува како независен извор кој обезбедува информации од прва рака.

При идентификување на тоа кој е ризикот и кои се последиците, невозможно е да се обезбеди исцрпна листа на сите можни ризици кои можат да произлезат бидејќи

околностите на секој случај секогаш ќе бидат различни до некое ниво и ќе наметнат нови проблеми, а истото важи и за точното предвидување на сите возможни последици. На крај, проценката и управувањето со овие прашања се заснова на професионалното расудување на практичарот.

Најсериозната област на опасност произлегува од ризикот за насилни одмазди кои се извршуваат од страна на трговците или нивните соработници врз жртвите, нивната фамилија или саканите лица. Овој ризик секогаш мора да биде со највисок приоритет во процесот на проценка и управување. Последиците од таквата појава вклучуваат реална можност за сериозни повреди или фаталност, и истите не треба никогаш да бидат потценувани.

Нивоата на ризикот се поделени во три категории:

- Ниско – се смета дека нема голема веројатност да се случи;
- Средно – за ризикот постои поголема веројатност да се случи отколку да не се случи;
- Високо – за ризикот постои голема веројатност да се случи.

Во однос на целокупноста на овој процес, проценувањето на нивото на било кој ризик се потпира врз професионалното расудување на практичарот кој ја врши проценката, но исто така тоа е и витална компонента за континуитетот на процесот за проценување на ризикот. Нивоата на ризик се предмет на брзи промени и врз истите постојано мора да се врши преглед од страна на персоналот.

***Втората фаза*** се однесува на идентификување на соодветен одговор . Откако ќе се утврди и процени природата и нивото на постоечкиот ризик во било кој даден случај, следниот чекор во процесот е да се одлучи, врз основа на познатите факти и околности на случајот, каков тек на акција доколку е неопходна е потребно за да се управува со утврдените ризици. Доколку не е неопходна акција, во тој случај не е потребно понатамошна акција да биде превземена во оваа фаза, но врз работите треба да се врши периодичен преглед во случај да настанат промени во ситуацијата.

Доколку некоја форма на акција е потребна како одговор на идентификуваните постоечки области на ризик, треба да се идентификува и изготви најадекватниот акционен

план. Исходот од најголемиот број на проценки врз идентификуван и постоечки ризик ќе биде тоа што мора да се планира и изврши некоја форма на акција.

За тоа дали е потребна итна полициска интервенција се одлучува откако ќе се јави потреба за некоја форма на акција, при што следниот последователен чекор во процесот е да се донесе одлука за времето на акцијата и најважно од се да се одлучи дали проценката на постоечкиот ризик бара полициската акција да се спроведе веднаш. Во значителен број на случаи, процесот за проценка на ризик ќе утврди области на ризик кои бараат некој вид итен полициски одговор. Најочигледниот случај кој постојано се повторува произлегува од случаите во кои жртвата на трговија е идентификувана и која потоа изнесува информации во однос на идентитетот, локацијата, континуираната експлоатација и злоупотреба на други жртви, а во однос на што мора да се реагира итно од страна на полицијата.

Откако ќе се идентификуваат и проценат областите на постоечкиот ризик во било кој даден случај и откако ќе се утврди соодветниот тек на акцијата за имплементација на постоечките ризици се употребува ***третата фаза***, која е составена од неколку чекори:

- Да се утврди дека се прибавени сите расположливи информации од сите возможни извори;
- Доколку се прибават дополнителни информации треба да се изврши преглед и да се ажурира првичната проценка на ризикот и да се постави прашањата - дали предложениот тек на акција го зголемува постоечкото ниво на ризик и дали предложениот тек на акција создава нови области на ризик.

***Четвртата фаза*** се однесува на донесување одлуки и управување со ризик[71]. Доколку одговорот на било кое од прашањата е позитивен, тогаш првичната проценка на ризикот треба да се ревидира и приспособи за да ги земе во предвид зголемените нови области на ризик. Врз основа на најновите проценки на постоечките ризици и врз основа на секој ризик кој е дополнително создаден со предложениот тек на акцијата, следното прашање кое се поставува е дали потребата за превземање на акција натежнува над нивоата на ризик идентификувани со истата. Доколку и овој одговор е позитивен, тогаш акцијата треба да се спроведе толку брзо колку што е практично. Доколку одговорот е негативен, тогаш текот на акцијата кој првично е предложен треба да се суспендира и да се изготви

[71] Види повеќе Малиш Саздовска, М., Прирачник за безбедносен менаџмент, Скопје, 2021, стр 33

нов изменет предлог кој ќе ги зема предвид зголемените или нови ризици и истиот треба да подлежи на нов процес за проценка на ризик.

# 11. ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Новите трендови и методи на трговија со луѓе се се повеќе прикриени и потешко се откриваат. Тие се пософистицирани, па како што органите за прогон наоѓаат решение за откривање на одредена акција, така трговците измислуваат друг начин на извршување, со што практично криминалците се секогаш еден чекор пред полицијата. Меѓународните криминални организации ги адаптраат методите според новите мерки кои се употребуваат од страна на регионалните институции. Со тоа што трговијата е појава која е застапена на меѓународен план, настануваат потешкотии на безбедносните сили и полицијата при нивното откривање. Криминалните организации ги прилагодуваат методите на оперирање според промените што се случуваат во средината во која оперираат со цел со цел да го избегнат откривањето и да го зголемат профитот. Меѓутоа од друга страна преземањето на разузнавачките активности е голем плус за органите кои го спроведуваат законот, а во исто време претставуваат кошмар за секој криминалец. Трговците се обидуваат на секој можен начин да обезбедат сигурност на нивните акции и планирање, но во самиот ланец на трговија учествуваат многу луѓе со што е практично невозможно да се врши целосна контрола над информаците. Како најбитни се информациите кои ги дава жртвата, што е ретка појава особено на нашите простори поради срам, фрустрација, обележување на жртва, осудување од страна на општеството итн. Токму во овиој сеглемнт трговците превземаат мерки на заплашување на жртвата, да не изнесе информаци на полицијата, бидејќи тие информации се незаменливи за органите што го спроведуваат законот.

Додека ситуацијата со трговијата на луѓе во светски рамки се повеќе се влошува, што се должи на појавата на повеќе различни форми на оваа трговија и на се поголемата побарувачка која што достигнува се поголеми бројки како во Европа така и во светот, станува се појасно дека владите на сите држави треба да превземат соодветни и засилени мерки со цел да влијаат на заедничките напори да се намали оваа закана врз глобалната безбедност и човештвото. Земајќи во предвид колку е профитабилна оваа трговија за луѓето кои се занимаваат со ваквиот вид на криминал, очигледно е дека справувањето со оваа закана е тешко, а воедно е и проследено со големи предизвици. Со оглед на тоа што трговијата со луѓе претставува вид на организиран криминал, не е доволно да се гонат само оние кои се директно поврзани со ваквите криминални дела, бидејќи често се случува

лицата што ќе бидат фатени да се на најниско ниво во нивниот систем на хиерархија, односно последната алка на ланецот, која многу лесно може да се замени, за разлика од лица што се на повисоко ниво на хиерархијата, особено оние кои се на самиот врв.

Организираните криминални групи во спротивност од полицијата стануваат се пософистицирани во однос на методите кои ги користат, со што на органите за спроведување на законот им е поважно да го уништат, нарушат или оневозможат работењето на нивните структури, отколку само да апсат поединци. За оваа цел да се оствари на ефикасен и ефективен начин потребно е обемните информации да се преточат во разузнавачки информации кои полицијата може да ги искористи во насока на донесување заклучоци, но и во поглед на стратегиското размислување и оперативните активности.

Податоците кои се добиваат треба да се анализираат на соодветен начин, па според тоа да се дознаат се повеќе информации за начинот на кој трговците ја извршуваат цела таа активност. Потоа доколку е изводливо треба да се влијае кон оневозможување на нивниот начин на извршување на делото, и на крај да се превземат соодветни мерки за казнување на лицата кои учествувале во тој процес. Далеку поефикасно е кога информацтите се користат за спречување од извршување на делото, отколку за гонење на криминалци кои веќе ја оствариле својата цел.

Со превземање на мерките како што е конфискацијата се дејствува на криминалците, со тоа што не треба да се одземат само средства стекнати со криминални активности, туку и средства употребени во самиот процес, на пример, сите деловни простории, возила, комуникациска опрема итн. кои биле употребени на кој и да е начин со цел да се овможи вршењето на кривичното дело. Со тоа би се намалиле мотивите на криминалците за извршување на ова дело, затоа што најчестиот мотив - профитот ќе им биде одземен. Со овие мерки како и со зголемување на затворските казни би се влијаело на тоа се помалку луѓе да се одлучуваат да го превземат овој чекор на вршење на кривичното дело трговија со луѓе.

Република Македонија исто така превзема мерки со цел за спречување и откривање на жртвите од трговија со луѓе, како и криминалците кои се занимаваат со ваква активност. Овластените лица што работат на граничните премини се обучуваат за тоа кои се потенцијални жртви, каков е нивниот профил најчесто, како да се однесуваат со жртвата и сл. Жртвите се пренесуваат во камиони со посебни делови за пренос на жртви или на било

кој друг начин, пришто овластените лица потребно е да бидат обучени за практично да ги препознаат таквите средства за пренесувањеспоред одредени карактеристики. Во овој сегмент од незаменлива важност е проактивната истрага на разузнавање и царината.

Југоисточна Европа е еден од регионите во светот каде што проблемот на трговијата со луѓе се сретнува во најголеми размери. Станува збор за регион кој честопати истовремено претставува почетна точка, транзитен регион и последна дестинација во трговијата со луѓе. Република Македонија воглавно е транзитна земја, иако во некои истражувања се јавува и во листата на земји кои важат за дестинации, како и земја од која потекнуваат жртвите на трговијата со луѓе. Владата на Република Македонија има донесено национална стратегија за справување со трговијата со луѓе и таа има за цел создавање на законска рамка која ќе ја подобри ефикасноста на македонските институции во борбата со трговијата со луѓе. Ваквата рамка треба да биде во согласност со Уставот на Република Македонија, Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и Конвенцијата на ООН против транснационалниот криминал.

## ПРЕПОРАКИ

За ефикасно откривање на кривичното дело трговија со луѓе потребно е стручност и професионалност од страна на Полицијата, Граничната Полиција и специјализираната служба за борба против трговија со луѓе, како и меѓународна соработка помеѓу институциите за заедничка борба против ова кривично дело.

Вработените во МВР со нивната активна работа на терен преку позорната и патролната дејност најмногу можат да допринесат за откривање и превенција да не дојде до извршување на делото. Треба да се вршат повеќе контроли на патиштата и криминалните жаришта каде што би можело да се вршат овие дела, контрола на различни барови и ноќни клубови, хостели и станови за краток престој каде што би можеле жртвите да се експлоатираат. Постојана проверка преку пријавна одјавана служба од страна на Полицијата во куќи и станови каде што би можело жртвите да се чуваат, со цел рано откривање. Потребно е овластените службени лица на МВР кои вршат патролна дејност редовно да ги следат огласите во јавните гласила кои нудат вработување во странство, разни огласи со кои се бараат млади луѓе за работа како келнери/ки обично во друг град во

државата, реклами на разни агенции за лични контакти и сл. Врз основа на тие информации овластените службени лица на МВР вршат проверки дали нешто се случува во нивниот реон, а доколку е нешто сомнително веднаш треба да започнат со прибирање на информации, но и да ја известат специјализиранаата служба за борба против трговија со луѓе.

Исто така работата на граничните премини  има голем удел за откривање и фаќање на сторителите кои ги пренесуваат жртвите надвор од граница. Потребно е денонoќно активно следење на сите возила што влегуваат и излегуваат и контрола на лицата, вршење прегледи и претреси кога ке се појави некоја сомнителна ситуација.Со цел претресот и проверката на возилата да се одвива брзо и ефикасно без каснење и забуни, потребни се јасни процедури на самите гранични премини, базирани на надлежностите на органите.

Кога се работи за прекуграничен криминал многу е важно земјите од овој регион да направат стратегија со која би се потенцирала соработката помеѓу нив, односно преку размена на информациите да се овозможи поефикасно работење, со цел да дојде до намалување на трговијата со луѓе во регионот.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Батковски Т., *Тактика на работа на разузнавачката служба и службата за безбедност и контраразузнавање*, Скопје, 2008
2. Димовски З., - *Криминалистичко разузнавање*, Факултет за безбедност - Скопје, 2019 година;
3. Дојчиновски М., Оџаков Ф., *Разузнавачки операции*, Скопје, 2010
4. Дојчиновски М., *Современо воено разузнавање*, Скопје, 2009
5. Дон Мекдауел, *Стратегиско разузнавање*, Полициска академија, Скопје, 2007 година;
6. Малиш Саздовска М., Николовски М., *Криминалистичка тактика 2*, Скопје, 2018
7. Малиш Саздовска, М., *Прирачник за безбедносен менаџмент*, Скопје, 2021
8. Милошевиќ М., *Систем државне безбедности*, Београд, 2001
9. Шелдон С. Џанг, *шверц и трговија со луѓе*, Академски печат, Скопје, 2009 година;
10. *Krivičnopravni sistem i sudska praksa u oblasti borbe protiv trgovine ljudima u Srbiji*, http://www.ungift.org/doc/knowledgehub/resource-centre/Krivicnopravni_sistem-FIN_sa_koricama.pdf;
11. Д-р Злат Миловановиќ, *Ропство на дваесет и првиот век; трговија со луѓе,* http://www.mba.org.mk/advokatura/advokatura23.pdf;
12. *Причини и последици од трговија со луѓе*, http://www.lastrada.org.mk/content.asp?id=54;
13. Wujers, M., Doornick, M.,*"A critical assessment of anti-trafficking strategies",* http://www.walnet.org/csis/papers/wijers-rights.html;
14. OM, World Migration 2005, Section 3, *International Migration Data and Statistics*, http://www.iom.int/jahia/webdav/site/myjahiasite/shared/shared/mainsite/published_docs/books/wmr_sec03.pdf;
15. *Trafficking in Human Beings in Central Europe*, http://lastradainternational.org/lsidocs/trafficking_CE.pdf;

16. *Регионални упатства за идентификација на жртвите на трговијата со луѓе*, http://mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/295/ARIADNE_Manual_Macedonia.pdf;
17. *Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти*, http://www.unodc.org/documents/southeasterneurope/Guidelines-Macedonian.pdf;
18. *Стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија,* http://www.osce.org/mk/skopje/24907.
19. Бановић, Б - *Трговина људима и заштита људских права*; Наука - Безбедност - Полиција, 2003;
20. Бошковић М - *Криминолошки лексикон*; Матица српска; Нови Сад, 1999;
21. Bruggeman W - Security and Combating International Organized Crime and Terrorism; European Community Studies Association, December 2002; достапно на: www.ecsanet.org/ecsaworld6/contributions/session1/Bruggeman.doc;
22. Данаилов Владимир - *Трговија со луѓе –криминален бизнис со робовладетелски лик;* Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје; Скопје, 2001;
23. Годишен извештај 2022 Министерство за внатрешни работи, Биро за јавана безбедност. Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа Бр. 22.4-322/1 17.03.2023 година.